Јубилеен 100-ти-број

Јануари 2021

# S-WORK





























Почитувани читатели,

Кога во 2014 година излезе првиот број на S-Work бевме пријатно изненадени од позитивните реакции за списанието. Сексуалните работници и работнички за прв пат добија единствена можност да создадат платформа преку која со пишан збор ќе се борат против предрасудите, стереотипите и ќе ги предизвикаат застарените традиционални и патријархални сфаќања за најстарата професија на светот. Останатите читатели за прв пат добија отворена врата низ која можеа да се запознаат со предизвиците со кои се соочуваат сексуалните работници и потајно го очекуваа секој следен број за да прочитаат нешто повеќе за интимниот живот и доживувањата на сексуалните работници. Навремено, не изгледаше дека едно списание со „контроверзна содржина“ успешно ќе егзистира на македонската читателска сцена веќе шест години и навлегува во својата седма година.

Затоа, со гордост го пишуваме ова обраќање и го претставуваме јубилејното издание на S-Work број 100. Ова јубилејно  издание го замисливме како компилација која ги содржи најинтересните и најчитаните содржини од сите претходни изданија. На овој начин сакавме да си оддадеме признание за вложениот труд досега, но и да се потсетиме на напредокот и постигнувањата во борбата за правата на сексуалните работници и работнички. Во претходните 99 изданија пишувавме за најразлични теми поврзани со сексуалната работа, известувавме за домашните и светски искуства, правевме интервјуа и пренесувавме автентични исповеди, информиравме за новостите и преку пишан медиум едуциравме за правата, дискриминацијата, заштитата од насилство и признавањето на сексуалната работа како работа.

Сето ова немаше да биде можно и немаше да постои без тимот на СТАР - Првиот колектив на сексуални работници и работнички на Балканот, кој со многу ентузијазам и посветеност го слушаше гласот на сексуалните работници и работнички, ги артикулираше нивните приказни и потреби и им даде простор да ги запишат нештата кои ќе останат засекогаш запишани. Од друга страна, интересот и наклонетоста на читателите секогаш беа дополнителен мотив и инспирација за создавање на содржините кои ги исполнуваа страниците на S-Work секој месец, но истовремено и да се работи на надградување и одржување на списанието шест години наназад.

СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот преку списанието S-Work и понатаму останува на првите борбени линии кога станува збор за пренесување на сите важни случувања од светот на сексуалната работа. Дел од содржините ќе ве информираат, дел од нив ќе ве забавуваат, можеби ќе ве расплачат, а дел од нив ќе ве натераат да се замислите и да ги испитате своите ставови, перцепции и верувања. Она што е најважно од сè е да продолжите да го читате S-Work, да ги поддржувате сексуалните работници и работнички и заеднички да работиме кон признавање на сексуалната работа.

Со почит,

**СТАР - Прв колектив на сексуални работници на Балканот**



# Читателите заедно со нас го креираат S-Work

Секоја публикација има свои читатели на кои се обраќа, ги информира или пренесува некаква информација или новина. Содржините во една публикација се создаваат и обликуваат на различни начини, но во голема мера тие се одраз на интересите на читателите и публиката.

S-Work е единственото месечно списание на македонски јазик кое ја информира својата публика и читатели за сексуалната работа, за сексуалните работници, предизвиците, но и достигнувањата во насока на заштита и унапредување на статусот на сексуалната работа во нашето општество. Во претходните 99 изданија беа објавени бројни содржини и материјали кои го оформуваа списанието низ текот на времето и го воспоставија препознатливиот облик и формат кој секој месец ги радуваше нашите читатели.

Сепак, со цел да понудиме уште подобри и побогати содржини за да ги задржиме старите читатели, но и да добиеме нова публика, спроведовме едноставен прашалник помеѓу нашите читатели. Прашалникот ни даде можност да направиме увид во задоволството на читателите, да го процениме квалитетот на содржините, но и да им дадеме можност на читателите со свои идеи и предлози да ги креираат содржините кои сакаат да ги читаат во идните изданија.

Повеќе од половината испитаници во прашалникот, кои се идентификуваат како сексуални работници/чки, оценуваат дека едукативните содржини во списанието им помагаат во нивната работа, од аспект на информации за заштита од ХИВ и сексуално преносливи инфекции (СПИ), како и заштита од насилство и што треба да се преземе во случаи кога им се кршат нивните права.

Анонимна сексуална работничка посакува да чита повеќе за **„аргументи, компаративни анализи, искуства и промоција на сексуалната работа во насока на нејзина депенализација во РСМ“.**

Позитивно изненадување се одговорите на општата популација која смета дека списанието влијае во подигнувањето на свеста за проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници/чки. Речиси две третини од испитанците одговориле дека читањето на списанието во голема мера им ја променило перцепијата за сексуалната работа.

**„Можеби препораки или топ тен листи на: блогер(к)и кои се занимаваат со сексуална работа, филмови, музика, стручна литература, романи и културни настани поврзани со сексуалната работа, како и предавања/предавачи во/за областа итн.”**
– бара да прочита испитаник/чка од пошироката публика.

Останатите теми за кои испитаниците најмногу покажуваат интерес се добри практики и модели за декриминализација на сексуалната работа во други земји, понатаму интервјуа, исповеди и позитивни лични приказни на самите сексуални работници.

Тимот на S-Work и понатаму останува на иста линија со своите читатели, фокусиран на информирање на јавноста и сексуалните работници/чки за новостите и актуелностите кои доаѓаат од светот и од нашата земја. Од следното издание ќе вметнуваме нови содржини и ќе ги збогатиме страниците со катче од самите сексуални работници преку кое ќе ги доближиме нивните животни приказни до општата јавност преку интервјуа, исповеди, но и отварање на најскокотливите теми и занимливости.



# Скопје налик Амстердам за правата на сексуалните работнички



Фотографии: **Ванчо Џамбаски**

Универзалната сала во Скопје на 17.12.2020 година - Меѓународниот ден против насилството врз сексуалните работници наликуваше на излозите со сексуални работнички од тесните улички крај каналите во Амстердам. Со маски и растојание во согласност со сите важечки протоколи и мерки за организирање на настани од овој тип се одржа Skopje Red Light District во организација на СТАР –Првиот колектив на сексуални работници на Балканот. Скопјани имаа можност да го проследат уметничкиот перформанс на пет девојки пред жешките излози на Универзална сала кои за момент ја доловија атмосферата на на улицата на црвените фенери во Амстердам. Девојките облечени во провокативна облека, обоени од црвените неонски светла изведувајќи еротски, уметнички танц им го одвлекуваа вниманието на случајните или намерните минувачи кои беа љубопитни, застануваа, сликаа или правеа селфи со "жешките" девојки. Овој трочасовен перформанс преку директен пренос можеше да се следи на фејсбук страната на организаторите, а имаше за цел да ја крене јавната свест за правата на сексуалните работнички во нашата земја и проблемите со кои се соочуваат. Наместо со традиционалниот Марш на црвените чадори, сексуалните работнички годинава поради мерките кои произлегоа од пандемијата со Ковид 19 одлучија Меѓународниот ден против насилството врз сексуалните работници да го одбележат со ваков уметнички перформанс.

















# За сексуалната работа

# Симболика на црвениот чадор



Црвениот чадор го симболизира отпорот против насилството, против небесните и човековите напади. Тој ја симболизира заштитата на сексуалните работници од злоупотреба од страна на полицијата, макроата, клиентите, општеството.  Црвената боја симболизира убавина. Црвенот чадор за првпат беше искористен од страна на сексуалните работници и нивни поддржувачи во Венеција, Италија во 2001 година. Така наречениот прв светски конгрес на сексуални работници беше уметничка инсталација на словенечкиот уметник Тадеј Погачар, ставен во рамките на 49-тото Венециско биенале, помеѓу 6-ти и 8-ми јуни во 2001 година, организиран на јавен простор под шатор во “Павиљон на проститутките“. На настанот учествуваа група на ученици и индивидуалци од Тајван, Тајланд, Виетнам, Италија, Камбоџа, Германија, САД и од Австралија. Тие ја презентираа ситуацијата на пазарот и дискутираа за стратегија во борбата за човекови права на сексуалните работници. Беа организирани видео примероци, изложби, перформанси, уличен театар од активисти, и беа дистрибуирани печатени промотивни материјали. Една од активностите беше маршот на црвениот чадор. Сексуалните работници маршираа по улиците на Венеција и користеа мегафони и црвени чадори, со што укажуваа на лошите услови за работа и злоупотребата на човековите права со кои тие се соочуваат. Маршот започна пред шаторот на павиљонот движејќи се кон центаор на градот. Во 2005 година, Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници (МКПСР, го усвои црвениот чадор како симбол за отпор против дискриминација. Иницијативата беше поздравена од заедницата и групите активисти.



# 10 причини зошто треба да се декриминализира сексуалната работа

Сексуалната работа е криминализирана по неколку основи, преку забраните за продавање на сексуални услуги, но исто така и преку законите кои забрануваат повикување на секс, приходите и заработувањето од сексуалната работа, бордели, или купување сексуални услуги.

Криминализацијата и агресивното полициско работење доведува до зголемена ранливост кај оваа заедница, при што сексуалните работници се изложени на насилство, изнуда и зголемен ризик од СПИ, што пак доведува до немање слобода да преговараат со своите клиенти во однос на користење на кондоми, се плашат да излезат јавно и да се борат за своите права, и работат и живеат во лоши услови без право на слобода.

Постојат повеќе причини зошто декриминализацијата на сексуалната работа претставува најдобра политика за унапредување на здравјето и човековите права на сексуалните работници, нивните семејства и заедници. Елиминирање на делот од кривичниот закон кој ги гони сексуалните работници ќе придонесе до препознавање на сексуалната работа како работа, заштита на нивните човекови права, зголемување на безбедноста на нивното работно место и полесен пристап до здравствени услуги. Со декриминализација на сексуалната работа е поголема веројатноста сексуалните работници да живеат без стигма, социјална исклученост и без стравот од насилство.

## Со декриминализација се почитуваат човековите права и достоинството на сексуалните работници.

Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви во своите права и достоинството. Постојат повеќе причини зошто некои ја работат сексуалната работа - како главен извор на финансии, начин на преживување, или можност за надополнување на своите приходи. Без разлика на причините, сексуалната работа е работа, и истата треба да се третира со достоинство. Сексуалните работници во многу земји се борат за своите права, кои не можат целосно да бидат реализирани, се додека законите ја криминализираат сексуалната работа, а со тоа се отежнува нивниот пристап до правните, здравствените и социјалните услуги, ги изложува на насилство, дискриминација и им го прекршува правото на работа и безбедност.

## Декриминализацијата помага во намалување на насилството и злоупотребата.

Сексуалната работа не е инхерентно насилство, туку криминализацијата е таа која ги става сексуалните работници во најголем ризик. Потребата да се избегне апсење од страна на полицијата, сексуалните работници кои работат на отворена сцена и нивните клиенти се принудени да се преселуваат и работат во поизолирани области, каде што спроведувањето на законот е помалку видливо. Стравот од апсење и полициска злоупотреба го ограничува времето и методите кои сексуалните работници ги користат за безбедна работа со своите клиенти, без да бидат откриени од страна на полицијата.

Се случува дури и властите да затвораат онлајн форуми на сексуални работници преку кои тие ги нудат своите сексуални услуги. Овие фактори, како и неказнувањето на сторителите на насилството врз сексуалните работници, ги става сексуалните работници во голем ризик. На пример, во Шкотска откако беа донесени законите за криминализација на сексуалната работа, забележано е значително зголемување на пријавени случаи на насилство и силување. Додека пак, во Нов Зеланд, каде што сексуалната работа е декриминализирана, сексуалните работници работат во побезбедни услови, имаат полесен пристап до службите што се однесува до пријавување на случаи на насилство во полиција.

## Декриминализацијата помага во намалување на насилството и злоупотребата од страна на полицијата.

Онаму каде што сексуалната работа е криминализирана, полицијата ја злоупотребува својата моќ врз сексуалните работници. Полицијата ги апси сексуалните работници и јавно ги омаловажува. Голем број случаи на претрпено насилство од страна на полицијата се евидентирани во Централна и Источна Европа и Централна Азија со најголем процент од 90% во Киргистан. Во Камбоџа, дури половина од сексуалните работници се тепани и силувани од полицијата. Во Намбија и Србија, сексуалните работници пријавуваат случаи на насилство од страна на полицијата, и тоа најчесто откако ќе бидат уапсени, додека се во притвор и без користење на кондоми.





Со декриминализација ќе се охрабрат сексуалните работници да ги пријавуваат ваквите случаи против полицијата која во најголем процент од случаите извршува некаков вид насилство врз нив.

## Декриминализацијата го олеснува пристапот до правда.

Законите кои ја криминализираат сексуалната работа се всушност причина зошто сексуалните работници не се чувствуваат безбедно и не сакаат да пријават насилство. Со декриминализација ќе се отстранат ваквите бариери. Откако Нов Зеланд го промени законот во 2003 година, поголем број на сексуални работници изјавиле дека слободно можат да се обратат за помош во полиција или судот, без да бидат законски гонети или апсени.

## Декриминализацијата ги намалува последиците предизвикани од поседувањето на криминално досие.

Во многу земји, грубото и пристрасно применување на кривичните закони придонесуваат голем дел од сексуалните работници да имаат криминални досиеја. Криминалните досиеја често се извор на стигма и драстично ја ограничуваат иднината на еден сексуален работник. Во некои земји во САД, на пример, луѓето се осудени за сторени сексуални кривични дела и се регистрирани како сексуални престапници и мораат постојано да носат документи кои ги идентификуваат како такви.

Сексуалните работници немаат право на земање кредити, образовни стипендии или право на поседување на државен стан. Индивидуалци со вакви криминални досиеја имаат потешкотии при наоѓање на некоја друга работа.

Покрај тоа, овие кривични обвиненија за сексуални престапи поврзани со работата, се користат како основа за произволни апсење и правото да им се одземе старателството на некои од сексуалните работници. Земји што ја декриминализираат сексуалната работа треба подетално да го разгледаат овој проблем и да пронајдат начин за поништување на криминалните досиеја.

## Декриминализацијата го олеснува пристапот до здравствените услуги.

Декриминализацијата го олеснува пристапот на теренските работници до бордели и при тоа ги

вклучуваат сексуалните работници во здравствени програми за поддршка. Со декриминализација се зголемува и пристапот на сексуалните работници до бесплатни кондоми и едукативни материјали.

Покрај тоа, декриминализација им овозможува на сексуалните работници да работат во колективи во кои ќе имаат полесен пристап до соодветни здравствени услуги. Ова нуди моќна алтернатива за стигмата и дискриминацијата со која се соочуваат сексуалните работници од страна на многу здравствени работници.

## Со декриминализација се намалува ризикот од ХИВ и СПИ.

Со декриминализација на сексуалната работа би можеле да се спречат и до 46 % на нови ХИВ случаи во следната декада. Една неодамнешна студија објавена во The Lancet дојде до заклучок дека декриминализацијата на сексуалната работа има најголема потенцијал за намалување на ХИВ инфекции помеѓу сексуалните работници и до олеснување на пристапот до антиретровирусна терапија.

Онаму каде што сексуалната работа е декриминализирана, сексуалните работници се повеќе охрабрени да инсистираат на користење кондоми со нивните клиенти, и секако имаат полесен пристап до тестови за ХИВ и СПИ, како и до соодветни третмани. Во спротивно, криминализацијата ја намалува способноста кај сексуалните работници да преговараат за користење на кондоми со клиентите, а со тоа се изложуваат на поголем ризик од добивање на СПИ и ХИВ.

## Декриминализацијата промовира безбедни работни услови.

Декриминализацијата отвора можности за креирање безбедни услови за работа кои се релеванти за секс индустријата. Во Нов Зеланд, на пример, декриминалзиацијата овозможува вклучување на сексуалните работници во законот за здравје и безбедност на вработените, со што истите може да ги користат своите здравствени права.

Декриминализација исто така промовира побезбедни услови за работа на сексуалните работници, притоа овозможувајќи им да се организираат. Колективно, сексуалните работници можат да ги пријават ризичните фактори на нивното работно место и да инсистираат да добијат подобри услови.

## Декриминализацијата помага во решавањето на проблемите со трговијата со луѓе.

Трговијата со луѓе претставува кршење на човековите права, вклучувајќи ја сексуалната експлотација на луѓето или принудната работа. Со декриминализација, сексуалните работници можат да бидат природни сојузници во борбата против трговијата со луѓе.

На пример, преку одборот за саморегистрирање на сексуалните работници, Durbar Mahila Samanwaya комитетот во Калкута, Индија, успеа да идентификува жени кои биле жртви на трговија со луѓе и да им ја даде потребната поддршка.

## Декриминализацијата овозможува свесна контрола врз своето тело и сексуалноста.

Декриминализација на сексуалната работа го признава правото на сите инволвирани да имаат своја приватност и слобода и право и да имаат право на слободно сексуално изразување.

Декриминализацијата ја почитува еднаквоста на половите и сексуални права, за разлика од законите кои ја криминализираат сексуалната работа и кои навлегуваат во приватните сексуални однесувања кај ЛГБТ популацијата, која пак е составен дел од заедницата на сексуални работници.





# Илустрирана историја за проституцијата

*Можеби проституцијата не е најстарата професија по она познато “клише“ објаснување, како што е ловењето или собирањето на плодови кај луѓето, меѓутоа точно е дека постоела во секоја рана цивилизација на Земјата. За проституцијата постојат и докази, и со сигурност може да се каже дека отсекогаш постоела како добивање на пари, добра, предмети како размена за давање на сексуални услуги.*

## 6 Век П.Н.Е:

### Солон основал бордели финасирани од сопствената држава

Според грчката литература, проституцијата била поделена во три класи: pornai, или проститутки-слуги; улични слободни проститутки, и hetaera, едуцирани проститутки кои имале за цел да ги забавуваат високите социјални класи во општеството. Првите две класи вклучувале и мажи и жени, а последната класа- hetaera, само жени.

Според традицијата, Солон бил тој кој основал бордели одобрени и финасирани од државата во најурбаните делови од Грција. Во овие бордели работеле жени и девојки кои не биле воопшто скапи, се со цел сите мажи без разлика на нивниот статус, да можат да си дозволат да изнајмат.

Проституцијата останува легална за време на грчкиот и римскиот период на владеење, а потоа Христијанско-римските императори целосно биле против.



## 1161г.:

### Кралот Хенри II ја регулирал меѓутоа не ја забранувал проституцијата

Во средновековната ера, проституцијата била прифатена како нормален начин на живеење во поголемите градови. Кралот Кинг II, не го охрабрувал потегот на проститутките но не го забранувал, за време на неговото владеење. Меѓутоа тие жени кои ја работеле оваа работа морале да бидат пред сè слободни и секоја недела се правела инспекција во озогласените бордели низ Лондон, како би се утврдило дека девојките не прекршуваат некои други закони.

## 1358г.:

### Италија ја прифаќа проституцијата

Големиот Совет во Венеција ја декларирал проституцијата како “апсолутно неопходна во светот“ во 1358 год., и голем број на бордели биле основани во поголемите Италијански градови во 14-от и 15-от век.

## 1802г.:

### Франција воспоставува Бироа на Моралот

Следејќи ја Францускара Револуција, владата ги заменила традиционалните забрани за проституција со нови Бироа на Моралот (Bureau des Moeurs)- за прв пат во Париз, а потоа насекаде во земјата.

Ваквите агенции имале за цел да ги набљудуваат јавните куќи, за да увидат дали истите работат според законите, како не би станале центри на криминални активности (како што било случај со повеќето бордели во минатото). Овие агенциски бироа работеле повеќе од еден век, пред да бида укинати.

## 1956г:

### Индија речиси ја забранува трговијата со луѓе

Во 1956 год., во Индија е воведен закон за забрана на трговијата со луѓе. Поради тоа во одредени области, проституцијата е ограничена, меѓутоа генерално се толерирала.

Денес, Индија ја има најдолгата азиска црвена улица во Мумбаи, познатата Каматипура, која постанува најголем бордел за британските окупатори а потоа се префрла на локалните независни клиенти од Индија.



## 1971г.:

### Невада ги дозволува борделите

Невада не е една од најлибералните региони во САД, но спаѓа помеѓу полибералните за разлика од Беркли и Калифорнија кои целосно ја одбиваат легализацијата на проституцијата.

Иако државните политичари се лично против легализирана проституција, сепак тие сметаат дека не треба да се забрани на државно ниво. Меѓутоа постојат некои области кои ги забрануваат борделите, а некои кои дозволуваат тие да работат легално.



# Декриминализација на сексуалната работа во Македонија

Извадок од „Декриминализација на сексуалната работа во Македонија“ на **Сунаи Сабриоски**

Стара е мислата дека ништо подобро не зборува квалитетот и карактерот на еден општествен поредок од положбата на човекот во него. Република Македонија е повеќепартиска парламентарна демократија основана во 1991 година, откако стекна самостојност по распадот на СФРЈ Југославија. Уставот е највисокиот закон во државата. Согласно Уставот, секој граѓанин треба да ужива еднакви права и слободи.К ога се наметнува прашањето за маргинализираните групи, во овој контекст сексуалните работнички и работници, и нивните слободи и права, се отвара прашањето од потребата на декриминализација на сексуалната работа во Македонија. Појдовно од тоа дека почитувањето на слободите и правата на граѓаните треба да биде императив за секое демократско општество, дава до знаење дека и сексуалните работници треба да уживаат еднакви права. Како едно од многуте прашања кои што заслужуваат одговор кога станува збор за сексуалната работа е следново: Која е потребата од декриминализација на сексуалната работа во Македонија?

Во Македонија сексуалната работа се смета како работа која го нарушува јавниот ред и мир: Кој се оддава на проституција и издава,односно става на располагање простории за вршење на проституција ќе му се изрече глоба од 600 до 800 евра.

Декриминализацијата е концепт различен од концептот на легализација на сексуалната работа. Целосната декриминализација подразбира отстранување на сите кривични и прекршочни забрани и казнувања поврзани со сексуалната работа, вклучувајќи ги и законите кои се насочени кон клиентите и менаџерите и сопствениците на бордели. Целосната декриминализација подразбира безбедни работни услови и работнички права.

„Декриминилизацијата дава можност на сексуалните работници да се заштитат од насилство, вклучително и од полициско насилство, дава можност за безбедно пријавување насилство и пристап до правда, што е најголем проблем во земјите каде сексуалната работа е криминализирана, па сексуалните работници се

плашат да пријават насилство од страв самите да не бидат приведени за кривично или прекршочно дело. Го олеснува пристапот до здраствени и социјални сервиси, обезбедува подобри работни услови, со што директно влијае на намалување на ризикот од ХИВ и други преносливи болести.

Глобалната заедница на сексуални работници многу одамна се солидаризираше во смисла на заедничко делување во борбата за признавање на сексуалната работа како работа. Постојат неколку причини зошто декриминализацијата е општо прифатен модел на регулација на сексуалната работа со јасно утврдени стандарди.

Извршниот директор на СТАР, Борче Божинов смета дека декриминализацијата во Македонија за сексуалната работа го одразува почитувањето на човековите права и личното достоинство.

„Моделот на декриминализација, исто така ќе ги подобри условите во кои што сексуалните работници живеат и работат. Декриминализацијата ќе им овозможи полесен пристап до здраствена грижа. Последно, но особено важно декриминализацијата на сексуалната работа ќе го разграничи митот и поврзаноста помеѓу волонтерската сексуална работа и трговијата со луѓе,"вели Божинов.

Сексуалната работа е непринудна продажба на сексуални услуги за пари или други материјални добра меѓу согласни возрасни лица. Сексуалната работа вклучува улична проституција, ескорт услуги, сексуални услуги преку телефон, порнографија, егзотично танцување, и др. Сексуалниот работник може да биде или маж, жена или трансродно лице.

„Сексуалните работници и нивните права се целосно игнорирани, па ефектите се нивен прогон, насилство, дискриминација, противправно приведување за кое никој не одговара. Ако сексуалната работа не е забранета со закон, институциите и опкружувањето ги прифати сексуалните работници, ќе се овозможи заштита на сексуалните работници од насилство и дискриминација на нивното работно место.

Признавањето на сексуалната работа ќе придонесе кон полесен пристап до правдата во случај на повреди на нивните права и соодветно казнување на сторителите со што ќе се превенира идно насилство и дискриминација.

Декриминализацијата на сексуалната работа подразбира пред се, признавање на сексуалната работа како работа слично како и останатите услужни дејности.

Како и секоја друга работа,сексуалната работа,треба да ги гарантира правата и обврските кои произлегуваат од работен однос. Финансиската придобивка на државата, во таа смисла би била плаќање на персонален данок на доход, или данок на добивка соодветно. Примерите од другите земји покажуваат дека декримнализацијата, придонесува за намалување на криминалот, го намалува ризикот од од пренос на ХИВ, и други преносливи болести. Декриминализацијата исто така помага во поефикасен одговор во борбата против трговијата на луѓе. ,Човековите права тешко се остваруваат во услови каде поради стравот од кривична одговорност,сексуални работници,кои се жртви на насилство, или повреда на нивните права кои немаат пристап до правдата.

Затоа еден од начините за да се започне реформа на постоечка состојба, е да се укинат законите со кои се казнуваат сексуалните работници, да се промени праксата на институциите со која се кршат нивните права во пристапот до добра и услуги и да се работи на елиминирање на стигмата со што ќе се овозможи непречено уживање на правата и почитување на достоинството на сексуалните работници.

Декриминализацијата не е појава –концепт кој што не постои, напротив додека во Македонија стигмата кон овие луѓе расте во многу други земји како Нов Зеланд и Нов Јужен Велс, овој модел го сфатиле како најефикасен при заштитата на правата и здравјето на сексуалните работници. Затоа за ваквиот модел стојат и за него се борат сите здруженија и унии на сексуални работници и групи за човекови права на глобално ниво.




# Стигмата и дискриминацијата доаѓаат со висока емоционална цена која треба да ја плаќаат сексуалните работници

*Иако сексуалните работници од целиот свет лобираат за декриминализација, законот за сексуална работа и понатаму останува контроверзен.*

---

Стигмата е знак на срам, социјална дискредитација или расипан идентитет. За сексуалните работници, правниот, културниот и социјалниот дискурс се карактеризираат со „склоност кон секс, сексуално искушение, бес и одвратност”.

Приказните за сексуалната работа како непожелна и сексуалните работници како жртви се силно вметнати во нашата културна имагинација.

Сите сме сведоци на различниот медиумски третман кои го добиваат сексуалните работници кои се жртви на насилство, чии животи ги сметаат за помалку вредни. Помеѓу нив е известувањето за ужасното убиство на Мајанг Прасието, сексуална работничка од Индонезија, проследено со лоши и навредливи коментари меѓу кои и:

„Ниту едно мало девојче не расте, сакајќи да биде сексуален работник, фала му на Бога“.

Со испитување на индивидуалниот и институционалниот третман кон сексуалните работници се открива како сексуалноста е организирана и поделена во социјалното општество, како одредени видови на интимности се наградуваат додека други се казнуваат.

## Системска дискриминација

Истражувањата покажале дека со дискриминацијата на сексуалните работници им се оневозможува пристапот до одредени услуги, како што е домување или сместување, можности за вработување и добивање на еднаква правда.

Голем број сексуалните работници до сега имаат пријавено дека нивните сметки на Airbnb се суспендирани, нивните PayPal сметки се затворени и забрането им е секаков вид рекламирање.

Стигмата е особено присутна за оние сексуални работници кои ја работат оваа работа како единствена за егзистенција, кои употребуваат недозволени дроги, оние кои се трансродови, мигранти, родители или работат на улица. Кај овие заедници степенот на насилство од страна на полицијата, малтретирањето и криминализацијата е особено висок.

Сексуалните работници кои живеат со ХИВ се апсат од страна на полицијата, и покрај тоа што немаат никакви докази дека пренесуваат ХИВ или пак се вклучени во  сексуални односи без заштита.

Дискриминацијата не е изолирано искуство. Во Нов Зеланд еден учител е тргнат од своето работно место, поради тоа што се сликал за австралиското списание Пентхаус. Во САД, една учителка беше обвинета за непристојно однесување поради нејзината колумна во која пишува за нејзините претходни искуства во врска со сексот.

Не само што анти-дискриминаторската заштита за сексуалните работници останува недоследна и несоодветна, во 2012 година, Квинслендското законодавство го има променето законот против дискриминација се со цел намерно да се дозволи дискриминација против сексуалните работници во однос на домувањето.

Стигмата исто така се манифестира во политички и регулаторни рамки кои ги криминализираат или лиценцираат сексуалните работи, барајќи од нив да имаат задолжително медицинско тестирање или постојана регистрација во полициските или владините бази на податоци, се со цел да се намали видливоста на сексуалната работа.

Стигмата ги става сексуалните работници на ризик. Криминализацијата на сексуалната работа и задолжителната регистрацијата на сексуалните работници само го зголемува насилството врз нив. Стигмата е причина за намалување на можностите на сексуалните работници да се обратат за поддршка, пристап до здравствената заштита, човековите права и правдата.

Намалувањето на стигмата бара не само правни и политички промени, туку и културни промени. За да се намали стигмата потребно е да се направат следниве неколку чекори: декриминализација на сексуалната работа, да се промени законот против дискриминација и да се финансираат поголем број организации за заштита на правата на сексуалните работници. Но, овие чекори сами по себе не се доволни. Исто така, потребно е да се спроведе истражување за манифестациите и импликациите на стигмата кои се од клучно значење за развивање на стратегии за намалување на неговото влијание.

Емоционалната цена која ја плаќаат сексуалните работници кои се стигматизирани и дискриминарини е навистина голема. Сексуалните работници и понатаму продолжуваат да се мобилизираат, да се ангажираат и да се борат против стигмата. Но, една од најподмолните последици од стигмата е нејзиниот потенцијал да го ограничи бројот на сексуалните работници да се борат за нивните основни човекови права.

Надворешната и внатрешната стигма влијаат врз менталното здравје на сексуалните работници со што го спречува нивниот активизам, ги спречува да се организираат и борат за своите права. Стигмата е тешка. Стигмата е исцрпувачка. Големата тежина на стигмата е товарот кој го носат сексуалните работници. Најголемата пародија е тоа што стигмата ги насочува енергиите на сексуалните работници да се заштитат и да се борат за нивната безбедност, отколку да се едуцираат и изградат заедница која ќе им помогне да преживеат и напредуваат во овој суров свет.



# Сексуалната работа во светот



# Мапа на светот во кои земји е легализирана сексуалната работа

Сите замји во ЕУ, како и Турција или ја имаат легализирано сексуалната работа и регулиран закон или барем само ја легализирале сексуалната работа. Во Азија, оази на слобода се Бангладеш, Казахстан и Индија, додека пак во Средна и Северна Америка се Невада и Канада.

Често можете да чуете дека сексуалната работа е најстарата професија на светот, и отсекогаш луѓето биле подготвени да дадат пари или некој предмет од вредност на жената која пак за возврат ќе им даде сексуална услуга.

Историјата има докажано дека сексуалната работа постоела во христијанскиот свет дури и за време на најтврдата власт – Црквата, како на исток така и на запад, како и во многу исламски земји, Индија и помеѓу будистичките народи. Во целиот свет, отсекогаш.

Сепак, до релативно неодамна, иако во многу земји се "прогледува низ прсти", сексуалната работа е нелегална активност, забранета под маските за заштита на достоинството на жените и човековите права. Иако би било логично, токму поради нив да биде дозволена, со оглед на тоа дека секоја возрасна личност има право да прави што сака со себеси и своето тело, се додека не ги загрозува слободите на другите.



**Сексуална работа.** Зелено: легална и регулирана. Сино: легална. Црвено: нелегална.

Во нашата земја, сексуалната работа е нелегализирана, како и во земјите од Балканот. Со исклучок на Романија и Литванија, сите останати земји кои се членови или кандидати за членство во ЕУ на овој или оној начин ја имаат легализирано сексуалната работа. Па оттука можеме да кажеме дека ние сме едно “осамено море“.

Сексуалната работа е дозволена и регулирана со закон во Германија, Швајцарија, Австрија, Унгарија, Холандија, Летонија, Грција и Турција. Во Унгарија и Летонија не е дозволено, односно забранети се јавните куќи.

Сексуалната работа, со нејзиното вистинско значење-размена на сексуални услуги за пари, е легализирана во Франција, белгија, Италија, шпанија, Португалија, Велика Британија, Чешка, Словачка, Естонија, Данска, Финска и Бугарија.

Меѓутоа, во Бугарија, покрај тоа што сексуалната работа е легализирана, сепак не е регулирана со закон и не е дозволено, т.е забрането е отворање на бордели и работа со макроа. Меѓутоа, во повеќето земји се толерира работата на јавните куќи, како што е случај со Белгија.

Во Норвешка, Шведска и Исланд нелегално е да платиш за секс, клиентите се тие кои го кршат законот, додека пак сексуалните работници не. Во сите останати земји во Источна Европа, жената која има желба да прави со своето тело што сака може да биде прогонувана или затворена од страна на луѓе кои ја сметаат сексуалната работа за грев.

Во Азија, Казахстан и Индија е легализирана сексуалната работа но не е регулирана со закон и забрането е собирање по бордели и јавни куќи. Во Јапонија е дозволено секаков вид на пенетрација (орален и анален секс), но сето ова во суштина не се почитува во јавноста. Бангладеш е единствената вистинска оаза за сексуалната слобода.

Во Северна Америка, сексуалната работа е легална но не е регулирана со закон во Канада, каде што исто така е забрането асоцирање, додека пак ВО САД, единствено Невада го има легализирано “најстариот занает“, со закон. Средна Америка, Мексико во потполност ја има легализирано и регулирано сексуалната работа, додека пак канадскиот модел ги следи сите останати земји од овој дел.

Во Јужна Америка, на сексуалните работнички практично секаде им е отворена вратата, со тоа што на запад и средишниот дел од континентот е легална и регулирана, додека пак на исток и југ е легална но не е регулирана. Конкретно, Венецуела ја има легализирано, но забрането е асоцирање. Нелегална е само во Гвајана и Суринам.



**Зелено: легална и регулирана. Сино: легална. Црвено: нелегална. Портокалова: само клиентите се гонат кривично.**

Во Африка, поголемиот број на земји ја имаат забрането, и само во одредени земји во Централна Африка, е легална но нерегулирана со закон. Во потполност е легална и регулирана во Сенегал и Брегот на Слоновата Коска.

Австралија, како единствена континент-држава, е поделена на западна половина каде сексуалната работа е легализирана но нерегулирана со закон, и источен дел, оној развиениот и секако поважен, е легализирана и регулирана.

Сега се поставува прашањето: Дали ќе се угледаме на земји како што се Саудиска Арабија, Иран, САД, Русија, Кина, кои имаат долга историја на кршење на човековите права и уште подолга историја на лажен морал, или пак ќе се угледаме на Германија, Швајцарија, Австрија, Мексико, Италија, Бразил, Аргентина, Австралија, Франција, Велика Британија, Шпанија... далеку понапредни земји во светот кои оваа професија ја имаат во потполност легализирано и регулирано, или барем само легализирано.

Дали вие сметате дека е време да престанеме да ги морализираме другите за лични работи кои сакаат да ги прават, да престанеме да се грижиме за туѓото и да пикаме нос таму каде што не не ни е местото?



# Добредојдовте во Киев: град на убави жени и просперитетна сексуална индустрија

Главниот град на Украина многу пати е прогласуван за главна дестинација со најубави жени на светот. Но, сексуалната индустрија исто така е привлечна работа за туристите.

Вистина е, Киев веројатно ги има едни од најубавите жени во светот - и тие се присутни на сите нивоа на општеството. Токму нивната убавина е плодна почва за развивање на сексуалната индустрија. Но, украинската сексуална индустрија е нерегулирана и често застрашувачка. Членката на движењето Фемен, Ана Гутсол уште во 2009 година изјави: „Овде, луѓето за сексуалната работа не размислуваат како за изнајмување сексуални услуги, туку си мислат дека набавуваат човечко суштество".

Украинскиот институт за социјални студии проценува дека минатата година 50,000 жени се занимавале со деловна сексуална работа во Украина.

Вистинскиот број веројатно е многу поголем, имајќи го предвид фактот дека има многу жени го користат сексот како начин за надополнување на ниските примања. Истиот институт проценува дека секој шести украински сексуален работник е малолетник.

Екстензивна студија, која ги разгледуваше животните навики на сексуалните работници во Украина, забележа дека 39% од украинските сексуални работници не користат кондоми редовно, а 22% од нив се и корисници на дрога. Повеќето сексуални работници кои не користат кондоми изјавуваат дека не користат кондоми бидејќи се под притисок на нивните клиенти.



# Животот на сексуалните работнички во модерна Кина

*„Кога шетате ноќе низ улиците на урбана Кина, обично не треба многу време да наидете на салон за масажа со слаб црвен отсјај во кој седат девојки со многу малку облека на нив. Сексуалната индустрија во земјата е нелегална, но сеприсутна, привлекува милиони жени - претежно од руралните региони“.*

Во новиот роман „Лотус“, кинеската авторка Zhang Lijia ни отвора прозорец во животот на овие жени следејќи го главниот лик во романот, млада жена од руралниот дел на Сечуан, која мигрира во крајбрежниот дел на Шенжен, а завршува како сексуална работничка во еден од многуте „салони за масажа“, задоволувајќи ги клиентите под слабо црвените светла додека се надева на еден поинаков живот.

Иако романот е фикција, авторката имала повеќегодишна интеракција со сексуални работници кои ги запознала како волонтерка во невладина организација каде им помагала со правни совети, едукација и друга поддршка. Според нејзините проценки, преку волонтирање и спроведување опширни интервјуа со жени во Меката на проституцијата низ Кина, таа поминала време со над 100 сексуални работници, а некои дури ги придружувала до нивните рурални родни градови за да добие вистинска слика за нивната животна динамика.

„Повеќето жени кои ги интервјуирав работеа многу напорно на производствените линии во фабриките за многу малку пари. Во разговор со своите пријателки дознаваат за работните места во салоните за масажа. На почетокот, линијата помеѓу работата во салон за масажа и сексуална работа не е баш јасна - некои места нудат легитимни масажи, а други нудат и сексуални услуги, така што многу жени започнале со регуларни масажи, но постепено почнале да додаваат сексуални услуги кога ќе увидат колку повеќе пари можат да заработат“.

„Поголемиот број жени се работнички мигранти од руралните области, некои се отпуштени од работните места од малите градови, особено во




Донгбеј (северо-источниот регион на Кина, кој често се нарекува појас на 'рѓата). Исто така, има доста повозрасни жени кои се разведени или во врска со насилни мажи и на друг начин не можат да се издржуваат. Кога ќе заминат од село во град, многу малку од нив планираат да започнат со сексуална работа. Тоа е тешка одлука во повеќето случаи. Понекогаш тоа е поради трагични лични околности".

„Во мојата книга, Лотус девојката мора да престане да школува, затоа што нејзиното семејство така одлучува. Бидејќи е девојче, нема смисла да се трошат пари на нејзино образование. Заштедете пари за момчето - тоа е вообичаен став во рурална Кина, особено во најсиромашните области. Значи, руралните жени обично се во многу полоша ситуација од момчињата во однос на образованието. Политичкиот систем, се разбира, е друг проблем. Жителите на руралните средини сѐ уште не можат да аплицираат за одредени работни места. Економските реформи донесоа многу можности, но необразованите рурални жени се изоставени од нив".






# Швајцарија - совршено место за италијанските сексуални работнички

Во Швајцарија, сексуална работничка може да се регистрира кај локалната полиција, да плаќа данок и да бара намален износ за истиот поради работните трошоци.

Италијанката Карли (32), секој ден патува преку граница за да стигне на работа. За да може слободно да работи пет дена во неделата, таа секој ден вози околу седум километри од местото Комо во Северна Италија, покрај Алпите, до Кас во кантонот Тичино, италијански дел во Швајцарија.

„Во Италија улиците се опасни, се работи во кола и никогаш не знаеш што може да се случи. Италијаните се безобразни и вулгарни затоа што сексуалната работа во нашата земја сеуште е табу тема“.

Во местот каде што работам нема макроа: „Откако ќе платам данок, останатото што го заработувам оди право во мојот џеб“. Карли во Кас заработува повеќе отколку во Комо, отприлика околу 8000 швајцарски франци месечно.

„Мојот сопруг знае што работам и ме поддржува во тоа. Неговиот занает е ѕидарство и заработува само 500 евра месечно. Имаме тригодишна ќерка и ни требаат повеќе пари. Сакаме еден ден да си купиме наша куќа во Швајцарија и таму да живееме“.

Карли работи по 6 часа на ден од пладне до 6 часот попладне, а станот во кој работи го дели со колешка која исто така е од Италија, и секојдневно патува со кола за да стигне до работното место. Кога таа е отсутна поради годишен одмор, нејзината соба ја изнајмува на девојки од Милано. „Тука е многу едноставно. За разлика од Италија, сексуалната работа во Швајцарија е регулиран со закон. Единствено што треба да направиш е да се

регистрираш во полициска станица, да им кажеш дека работиш како сексуален работник и да добиеш работна дозвола“.

„Тоа што во Кас е навистина прекрасно,“ објаснува Карли, „е специјалното одделение на полицијата која се вика Тезеј и е задолжено за контрола на сексуалните работнички и спречува насилство и злоупотреба врз истите“.

„Тие го имаат регистрирано мојот број на мобилен и можам во секое време да ги повикам доколку се најдам во опасност. Ја знаат и мојата адреса. Нашите лични информации, полицијата ги проследува до регионалните здравствени служби и сексуалните работници добиват список на лекари кои им нудат бесплатна здравствена контрола. Здравствените контроли не се задолжителни, но редовната посета е добра за зачувување на своето здравје, и секако да им покажетете на своите клиенти дека не сте заразни“.

Карли има регистриран ПДВ и редовно пријавува личен приход: „Повеќе сакам да плаќам данок, иако е висок, но за возврат добивам совршени услуги и социјално осигурување. Еден ден кога ќе одлучам да се повлечам од оваа работа, ќе имам и пензија. Покрај тоа, од данокот ми се одбиват сите трошоци во врска со работата, повици од мобилен телефон, козметички третман, па дури и услуги за пластична хирургија“.

Според Карли, во Тичино е многу лесно да се отпочне со сексуалната работа. „Кога се регистрирав како сексуална работничка, купив огласен простор во весник и на веб-сајт на кој се нудат сексуални услуги. Тичин отсекогаш се сметал како седиште на Швајцарската секс индустрија. Заработувачката во Швајцарските квартови на црвените фенери ги привлекува дури и студентите на кои им недостигаат пари за школување. При тоа, тука не доаѓаат само сексуални работници. Во Швајцарските погранични градови пристигаат и голем број италијански клиенти







кои најчесто се деловни луѓе и патуваат од Милано и други поголеми италијански градови.

Се проценува дека во кантонот Тичино со вкупно 340000 жители, има околу 600 регистрирани сексуалните работници. Како седишта на секс индустријата се ноќните клубови, приватните станови, куќи и центрите за масажа. Уличната проституција е забранета. Локалните власти се обидуваат, преку нови закони, да и стават крај на нерегулираната проституција, со тоа што најстарата професија во светот ќе биде ограничена само на јавни куќи со посебни дозволи, како и станбени области кои имаат одобрување за работа. Но Карли, сепак е оптимист: „Дури и ако законските прописи станат построги, во споредба со мојата земја, Швајцарија ќе остане рај за сексуалните работници. За нас тука е полесно“.





# Сексуалната работа на Вол Стрит

„Момците од светот на финансиите кои доаѓаат тука најчесто се јавуваат кога на берзата ќе се случи голема промена - ден или два откако акциите ќе скокнат или паднат. Прво малку ќе почекаат, па ќе ме побараат“, раскажува Зои (имињата се променети поради заштита на идентитетот), која самостојно се занимава со сексуалната работа и како девојка за придружба заработува по 600 долари на час. Колку и да започнувала да работи некоја легална работа, сепак заработувала по 10 долари на час, плус бакшиш, и затоа секогаш се навраќала на сексуалната работа.

Од десет жени, со кои имам разговарано во последните неколку недели, кои нудат сексуални услуги, сите се сложиле дека од Вол Стрит нема бегање, бидејќи во скоро секој сектор во Њујорк, без разлика дали се работи за недвижности, ресторани или сексуална работа, има голем прилив на пари. Во последните две декади, Њујорк бележи долготраен финансиски пораст, со минимални падови во септември 2001 година, откако беа срушени кулите близначки.

Француска курва – Американка во 30-тите години од животот, побара да ја викаме токму така, со цел да и се заштити личниот идентитет. Во собата во која живее, има два кревета, во едниот спие, додека пак другиот е наменет за клиентите. По ѕидовите се закачени повеќе слики, кои сама ги има насликано (во огласите се претставува како „студентка на Ликовна академија која бара помош“). Нејзината животна приказна претставува посебна перверзна варијанта на онаа на њујоршкиот градоначалник, Мајкл Блумберг кој го замислил градот како изобилие во кое ќе живеат само богатите и онаа класа на луѓе кои ќе ги опслужуваат. Според нејзините зборови, Зои морала да ги задоволува потребите на богатите за да преживее.

Бидејќи студирала мода на Запад (не сакаше да го каже точното место), Францускaта курва дошла во Њујорк да си ја проба среќата.

„Немаше многу пари“, вели. „Во суштина, ништо не заработував. Работното време беше долго, и испаѓаше од прилика по 15 долари од саат. Во овој град поминав две години занимавајќи се со мода. А луѓето како мене, кои немаат пари, не можат да се пробијат на врвот. Тоа го можат само децата на богатите родители. Парите би ми помогнале да дојдам до вистинската работа - што би значело и дополнителни пет години стажирање“.

„Кога се случи крах на берзата во 2008 година, работите пресушија и поради тоа имав потреба да започнам со нудење сексуални услуги за пари“. Клиентите кои ги запознавала преку една агенција за посредување на девојки за придружба, меѓу кои повеќето се занимавале со финансии („Барем така мислев, но не ми даваа сите визит карти“), почнаа да се намалуваат, така што на крајот одлучив да се вратам на „старата школа“, и да работам само за себе за околу 200 долари на саат.

„Мала е таа цена, но за сега не може да биде подобро“, раскажува оваа девојка.

„Банкарите и бизнисмените сакаат само квалитетни услуги и подготвени се за тоа да платат, но сите тие имаат свои барања. Сега освен киријата немам повеќе месечни трошоци, а заработувам околу 3000 долари за викенд. Напорни се викендите. Нон-стоп се работи“.

Додека разговаравме со Зои, пиејќи бурбон во еден бар во хотелот Маритајм, гардеробата која ја носеше на себе се разликуваше од останатите. Беше облечена во вообичаена есенска комбинација, шорцеви, хеланки, топол џемпер и чизми. Скоро сите други жени кои ги видов на тоа место носеа вечерна гардероба, вечерни тоалети со длабоки деколтеа и високи потпетици. Ја прашав што е тоа што ја прави три пати повредна од онаа Францускa курва.

„Тоа е воглавно поради маркетинг“, вели таа. „Јас продавам и пружам, барем се надевам, некој вид на поврзаност меѓу луѓето“.



Овој ист маркетинг и помогнал да допре до најразлични клиенти. „Сега сум самостојна така што не морам повеќе да трпам издрогирани лица, ниту пак кретени со 25 години стара заштеда, сепак тука е присутна берзата, се чувствува тоа сеуште“, објаснува Зои. „Ако ништо друго, моите клиенти барем прават планови кога треба да ме видат. Младите типови кои бараат девојки преку агенцијата не планираат, повеќе сакаат да се јават и да закажат средба за пола час, а не за месец дена однапред. Девојките кои работат таму чукаат како таксиметар, и ја чувствуваат секоја промена на берзата“.

„Тешко е навистина“, вели Зои за потрагата по клиенти. „Вол Стрит е како пирамида - многу од момците кои имаат дваесет и нешто години се убиваат од работа за да стигнат до врвот, за разлика од оние кои имаат над 40 години и на кои им успеало. Сè тоа ги исцрпува, така што мора да работат по 90 саати неделно, и сите имаат иста фризура. Неретко делуваат тажни, но затоа пак се решени добро да се забавуваат и тоа да биде секси и да чини многу“.

„Кога треба да трошат, секогаш се упадливи, иако тоа не го прават пред други.  Како да инвестираат во својата самодоверба - тие знаат дека имаат малку шанси да се достигне врвот на пирамидата и да станат менаџери на свои споствени фирми на свои 40 години, па затоа плаќаат за сексуални услуги и користат дрога, што на некој начин им делува охрабрувачки,“ вели Зои.

„Февруари е многу важен месец, бидејќи сите добиваат бонуси, со што најчесто се надокнадува за слабиот декември“, вели Зои. Тогаш кај неа доаѓаат брокери кои се занимаваат со недвижности, трговци на автомобили... „Мислам дека за ваквите типови од Вол Стрит ова претставува некој вид на тест за зрелост“, вели таа. „Преку недела заработуваат по 100 илјади долари, а истиот викенд способни се да потрошат и до 10 илјади доалри на сексуални работнички. Според нив, важно им е кога веќе трошат толку многу пари за девојка, таа треба да биде и скапа. Што повеќе им наплатуваш, толку се посреќни“.





„Мажите најчесто ги бараат девојките преку агенции за посредување, не им е битна каква е личноста, за нив тоа е како да нарачуваш пица. Исто и тука, еднаш ако си проверена, те порачуваат и за половина час некој ти тропа на вратата“.

Како што вели Зои, клиентите од Вол Стрит знаат да бидат многу тешки кога станува збор за исполнување на нивните желби. „Убаво ти даваат до знаење како треба да пушиш, а ако типот е на кокаин, тогаш може да се случи тоа да го правиш цела ноќ“.

„Има и такви кои бараат да им се исполнуваа своите фетиши, на пример да им го лижеш задникот. Доколку не им се допаѓа како го правиш, тогаш во агенцијата оставаат лош коментар за тебе. Додека јас бев дел од агенцијата, сè тоа морав да го правам“, објаснува Зои. Тоа е една од причините зошто сакала да се осамостои.

„На некои од нив не може да им се дигне, па само седам и гледам како шмркаат кокаи“, раскажува Зои. „Откако ќе свршат, си заминуваат. Но, ако не свршат, морам да направам се тоа да го постигне. Таков е договорот, клиентот мора да заврши, па макар тоа потрае и подолго од саат време“.

Но, не се сите така пребирливи. „Има девојки кои шмркаат кокаин, при тоа нема многу секс. Станува збор за клиенти кои едноставно не сакаат да земаат кокаин сами, едноставно им треба друштво за тоа, за да се почувствуваат важни или да бидат во тренд, само затоа што гола жена им прави друштво“.

„Ги мразам сите тие прашања кога треба да се запознаеме малку пред секс, и се некако испаѓа некако трапаво, и целиот тој премин од чешкање на секс се претвора подеднакво брутално и за мене и за нив. Како на пример: „Од каде си?“ или „Како си се снашла во градов?“, или „Немам јас многу смисла за хумор“, или „Ја ќе те фолирам тебе, но немој ти мене и ќе бидем пријатели“. А тие никако тоа да го сфатат. Кога со себе ќе понесеш некоја книга за која немаат чуено, ти велат: „Ти мора да си многу паметна“.

„Тоа се тие луѓе кои прават пари“, вели Зои. „И сè ова се сведува на продавање и купување. Тие од тебе очекуваат да им покажеш вештини и одредено ниво

на услуга. А тие сакаат да те одбијат како и секој друг производ откако ќе му помине рокот на употреба. И тоа не сакаат да си го признаат. Има и такви кои бараат од тебе да не користат кондоми“. На Зои и се има случено со еден клиент кој носел бурма да проба да на пола секс го извади кондомот.

„Големи нарциси се. Не сакаат да си признаат дека и ова е дел од нивната реалност“, додава таа. Кога ја прашав дали смета дека е дел од реалноста, кратко ми одговри со НЕ.

„Момците од Вол Стрит се многу малку заинтересирани или помалку способни да ме гледаат како личност или човечко битие. Едноставно не сум им потребна зада се чувствуваат посебно. Треба само да се појавам, и да си ја одработам својата работа.“

„Еднаш се забавував и излегував со еден мој клиент, но тоа траеше многу кратко. Беше тоа тип од Вол Стрит кој беше потполно незаинтересиран за било што, само директно да не го инволвира, па со самото тоа не му сметаше тоа што го работам,“ вели Зои за крај.






# Нови услуги на аеродромот Шипхол-Амстердам

Аеродромот Шипхол во Амстердам им нуди на патниците многу услуги за нивното слободно време помеѓу летовите: фришопови, ресторани за јадење, салони за релакс масажи, казина, дури и уметнички галерии. Покрај овие услуги, можат да уживаат и во услугите кои ги нудат сексуалните работници.

Повеќето од нив доаѓаат од Источна Европа, и ги прават своите договори на Меѓународната област.

## *Поевтини цени*

За да стигнат девојките до Шипхол, купуваат авио карти по пониски цени, кои ги нудат буџетските авиокомпании, и на тој начин сеуште можат да остварат профит. Овие сексуални работници им приоѓаат на патниците додека се досадуваат чекајќи ги своите летови, и им нудат сексуални услуги. Во зависност од услугата за која се договориле овие девојки ги носат своите муштерии во тоалетите или пак во еден од двата хостели на меѓународната област.

## *Патни трошоци*

Некои девојки слетуваат на аеродромот и си одат истиот ден, и доколку сакаат да останат анонимни тоа го запишуваат на хартија. Нивните трошоци ги надополнуваат со профитот од услугите кои ги нудат.

Иако барањето муштерии е нелегално, сепак граничната полиција интервенира само кога ќе ги фати на лице место или пак доколку е поднесена тужба од некој од присутните патници.

“Овие девојки кои работат по аеродромите заработуваат многу повеќе пари отколку во сопствените земји“, вели Асоцијацијата на сексуални работници од Амстердам.



## *Договори*

Асоцијацијата на сексуалните работници од Амстердам немаат точни информации за вкупниот профит кој го остваруваат овие жени за услугите кои ги даваат, меѓутоа се сомневаат дека тоа се стотици милиони евра, што е многу повеќе отколку што заработуваат регистрираните сексуални работници кои работат на црвената улица во Амстердам. Асоцијацијата изјавила дека постојат две сценарија:

“Најчесто бизнисмени им плаќаат на девојките од Источна Европа, воедно им ги плаќаат и летовите. Меѓутоа има и такви кои доаѓаат во Амстердам на свој трошок, си ги плаќаат своите летови а веројатно и хотелите во кои ги даваат своите услуги .“

Од асоцијацијата немаат ништо против овие девојки кои ги вршат сексуалните активности на аеродромот во Амстердам.

“Но, да имаме проблем доколку девојката  е принудена да работи таму од својот макро или е жртва на трговија со луѓе. Сепак, доколку се способни сами да работата и да го остварат посакуваниот профит, ние секако дека ги поддржуваме во тоа. Меѓутоа треба да се чуваат, бидејќи девојките кои работат сами се поранливи. “



# Сексуалната работа во РСМ



# Сексуалната работа во минатото - Урбана историја на старо Скопје

Сексуалната работа во Скопје била легализирана уште во периодот меѓу двете војни. Таа била сконцентрирана во посебни маала и квартови во градот. Најмногу во поранешното Циган маало, на десната страна од реката Вардар и во Старата чаршија. Јавните куќи имале необични и егзотични имиња: „Марс”, „Венеција”, „Три вили”, „Фенерли ан”, „Океан”.

Легализацијата значела водење, пред се, лекарска грижа за дамите на ноќта, но таа нудела и други погодности за да се заштити најстариот занает на светот. Постојат записи и уметнички текстови кои многу автентично ја отсликуваат атмосферата и спецификата на јавните куќи во Скопје, како и други, документарни кажувања, кои се трајни сведоштва.

Најпознати кафеани - јавни куќи во Старата чаршија биле „Јанчев ан” и „Фенерли ан”. „Јанчев ан” се наоѓал на просторот кај денешното плато пред црквата „Св. Спас”, и тој објект сега веќе не постои.

Иако денес многумина поминуваат покрај „Фенерли ан”, не знаат дека тој некогаш бил јавна куќа. Се наоѓа над дуќанот на клучарот Мирко, а пред познатото кафуле „Наргиле”. Ова е еден од објектите кои ја чуваат патината на старата архитектура од Чаршијата. Случајно или не, него и денес го краси еден стар фенер. Постојат многу анегдоти и необични ситуации поврзани со јавните куќи во Скопје. Проституките најчесто се криеле зад необични и звучни имиња: мадмоазел Лили, Црна Маца, Фифи, Роса, Лотосов Цвет. И околу Зеленото пазарче имало јавни куќи, а едната од нив го носела името „Рудник”. Еден од постарите жители од тој крај ми раскажуваше дека најпопуларна била мадмоазел Лили. Преку лето, таа со голи гради се сончала на прозорецот. А пред прозорецот имало врвулица од луѓе, љубопитници и почитувачи на дамата. Но, не можел секој да влезе во јавната куќа, особено не сиромашните. Еден работник од Монополот смислил итрина - неколку денови во неделата не пушел цигари и јадел црн леб. Заштедата била доволна за една посета кај мадмоазел Лили.

Кај денешната гимназија „Јосип Броз - Тито", некогаш имало две јавни куќи. Едната со име „Гостивар", а другата „Хајдук Вељко". Тамошните жители, тогаш деца или млади момчиња, денес во повозрасни години, се сеќаваат дека за време на војната добивале по еден лев од проститутките, ако им најдат муштерија. Ангажманот бил повремен и случаен, а заработувачката одлична за тогашните кризни времиња.

На другиот крај на Скопје, во Маџир маало, и денес постои објектот на познатата кафеана и јавна куќа „Три вили". По иронија на судбината, денес тука се сместени просториите на Народна кујна. Некогаш во првиот дел од зградата постоела фурна, а вториот дел бил кафеана. Еден од најстарите жители на маалото денес ми раскажува дека посетители на јавната куќа, поради близината на Аеродромот, биле главно воени лица. Сопственичка била некоја маркантна, дебела жена, а проститутките биле убави девојки што биле доселени во Скопје.

А каква била атмосферата и клиентелата во скопските јавни куќи меѓу двете војни, извонредно сликовито ни ги опишува Д. Михајловиќ во романот „Чизмаши". Еве еден интересен дел:
„Се си мислам, превртувам нешто во главата, каде ќе одам, што ќе правам, ајде, си велам, ќе појдам во јавна куќа.

А тогаш во Скопје, близу до Станицата, една мала улица беше преполна со јавни куќи. Преку ден, тие изгледаа како секоја обична кафеана, само што се затворени, и никој не би помислил нешто друго. И девојките дење спијат, па не можеш ниту да ги видиш. А јас сум им постојан муштерија, сите ме знаат, ќе ме пуштат внатре... Така, со мене седна сопственикот на куплерајот, некој чичко Трпко.





Нарачав шприцер и кафе за себе, нарачав нешто и за него. Разговаравме. Тој се жали дека работата во последно време не му оди добро. Мајката, си велам, може ли на проститутките да не ми оди добро? Дали девојките, велам, се уште спијат? Мајчината им, вели тој, спијат. Само спијат и јадат, ништо друго не прават. Пет пари не даваат за гостите. Но сите еден ден ќе ги разбркам. Ќе доведам млади девојки од село, се уште нерасипани, прсти да си излижеш. Потоа самиот си ги лиже прстите... Дали ти посакуваш некоја? За тебе, Жико, се ќе направам. Кажи која сакаш да ти ја повикам? Би сакал, велам, да ми ја повикаш горе онаа Роса, ако е будна. Сите тие имаат чудни имиња, доколку имињата им се нивни. А таа Роса беше олкава, бомба женска. И многу добро знаеше да се дупи, со сите марифети. Честопати и бев муштерија. Добро, вели Трпко, оди горе".

Мирослав Крлежа вака го опишува „Јанчев ан" за време на Балканските војни во романот „Знамиња": „Најголемата општествената сензација овде среде Чаршијата е една меана, еден ан, еден Јанчев ан... Да го слушнеш само урнебесот од победоносните извици на гостите кои курвата ја сметаат за говедце".

По војната, нелегализираната сексуална работа во Скопје е присутна во ресторанот на хотелот „Бристол", а во седумдесеттите години таа се сели во кафената „Ново Скопје" на Бит-пазар.



# Ноќниот живот на една скопска улица и сексуалната работа во минатото

Скопскиот хроничар Данило Коцевски го опишува ноќниот живот на една позната улица во Скопје од минатото и тогашната сексуална работа.

Тогашните имиња на кафеаните и на борделите во улицата создавале впечаток како да се движите низ некој чудесен крај кој ви ја разгорува фантазијата: „Империјал", „Америка", „Шангај", „Бела лаѓа", „Океан", „Босфор", „Марс", „Златен паун", „Брзиот воз". Самото име брзиот воз укажува на податокот дека улицата се наоѓала во близина на Железничката станица каде што бил најприсутен најстариот занает на светот.

Колку бил необичен тој свет на ноќното Скопје, зборува и фактот што сексуалната работа била поврзана со разни други феномени на тој живот. Почнувајќи од забавата во угостителските објекти и надвор од нив, па се до коцкањето, а често и хашишот кој, главно, бил шверцуван од Истокот. Скопје се будело со првиот мрак и живеело посебен живот, се до рани зори, кога се играло барбут и мунте, и се посетувале дамите на ноќта. Од кафеаните, во таа славна улица на девојките одекнувала најразлична музика со тогаш популарните песни „Бате, ле бате, Стојане", „Црвен фесиќ, јој, мамице", а особено „Ајде слушај, слушај, калеш бре, Анѓо".

Песната и танците, всушност, биле предигра за сето она што потоа следувало во собите на тие ноќни локали или надвор од нив. Еден од најпознатите бордели на таа улица на сексуалните работнички бил со романтично име „Венеција". Нишањето на гондолата симболично го означувало еротскиот и сексуалниот копнеж и таа поетска кованица често била употребувана. Поранешното име на овој ноќен локал бил „Каиро", а потоа бил преименуван во „Венеција". Гостите лудувале по двете танчарки кои настапувале секоја вечер, а со кои започнувало нишањето на гондолите. Нивните имиња биле

Стела и Роза, а се разбира, нивниот изглед бил многу побитен од имињата. Посебно привлекувал сексапилниот танц кој го изведувале. Биле облечени во зелена, проѕирна свила, под која се оцртувале сите детали на нивните раскошни тела. Страсно и занесно се извиткувале во играта, заведувајќи ги присутните гости.

Навечер, веднаш по 19 часот, Скопје знаело да замириса на велеградска кал. Во тие часови, ноќните работнички и работници започнувале да излегуваат и градот наликувал на Шангај, Бомбај или на Буенос Аирес. И како во некој возбудлив и живописен роман, неколку стотини жени во тие мигови започнуваат да ги облекуваат своите најубави здолништа. Морало се да биде подготвено за ноќната забава и за клиентите. Како се подготвувале дамите на ноќта во тие мигови? Постои дури и таков запис.

Најпрвин, со кармин и со пудра ги мачкале нивните восочни лица, а во уста си прскале колонска вода. Карминот, пудрата, колонската вода ги правеле заводливи. Понекогаш, дури и евтината пудра и механичката насмевка успевале да го привлечат вниманието на муштериите што првпат доаѓале или биле нивни редовни гости.

Еротската фантазија ја зголемуваат описите на сцените за тоа што се случувало во собите на борделите, а постојат и такви прозни записи. Тие се најчесто иронично-хумористички интонирани, и на лесен и забавен начин ја сликаат таа атмосфера:

„Тогаш во Скопје, близу до Станицата постоеше една улица целосно посветена на најстариот занает на светот".





# Изложба на тема сексуална работа во Кавадарци

Изложба со наслов  “Спинтрии” на тема “Сексуална работа” беше отворена во музеј галеријата во Кавадарци. Авторка на изложбата е 24 годишната кавадарчанка Симона Манчева која неодамна магистрира на факултетот за ликовни уметности токму на оваа тема.

- Сакам да ја прикажам историјата на сексуалната работа која отсекогаш постоела. Има докази за тоа, на кои се прикажани разни секс пози, секс играчки и белези за постоењето на јавните куќи. Таа работа во минатото се наплатувала со посебни монети “спинтрии” кои најчесто биле изработувани од бронза или месинг, додек јас денес ги изработувам од калај. Тие со својот релјеф го прикажуваат сексуалниот живот на луѓето, со што сексуалниот дискурс привлекуа внимание. На едната страна од монетите е прикажана сексуалната поза а на другата римски број на пример за кој се смета дека е цената на таа сексуална услуга. Се користеле во Римската империја, за надминување на јазичната бариера. На спринтиите преовладуваат претставите од маж и жена, но сепак се прикажани и хомосексуални претстави и сексуален чин со повеќе луѓе-појаснува Манчева која потекнува од познато и угледно кавадаречко семејство, а зад себе веќе има една годишна награда за уметност заедно со неколкумина свои колеги.

Изложбата предизвика огромно внимание во Кавадарци, град кој живее со уметноста но сепак не е навикнат на вакви смели уметнички потези. Кавадарчани се воодушевени од храброста на својата сограѓанка на ваков начин да се стави крај на предрасудите кога е во прашање сексуалноста и да се детабуизира маргинализацијата на сексуалните работници или работнички. Манчева повикува на ослободување на сексуалноста кај луѓето.

Покровител на изложбата се кавадаречкиот градоначалник и Советот на општината Кавадарци а организатор, локалниот музеј. Изложбата ќе биде претставена и во главниот град.

*Неодамна Симона Манчева ја исконтактира и нашата организација СТАР-СТАР за подетални информации за сексуалната работа во Македонија. По нејзината посета договорено е наредната кампања по повод одбележувањето на 17-ти декември-Интернационален ден против насилство врз сексуалните работници да биде одблежана со уште една изложба на тема "сексуалната работа".*







# Сексуалните работници во РС Македонија се особено ранлива група на насилство

Сексуалните работници се полнолетни луѓе, кои повремено или редовно, доброволно даваат сексуални услуги за пари или други добра и услуги. Сексуалната работа е историски криминализирана и стигматизирана и доведува до серизони повреди врз животот и здравјето на сексуалните работници во Република Северна Македонија. Сексуалната работа во нашата земја е регулирана како прекршок против јавниот ред и мир, а кривично се казнуваат организирањето, посредувањето, и/или присилувањето на сексуалната работа.

Систематската дискриминација има создадено бариери, па многу од сексуалните работници не можат да пристап до здравствени, социјални и правни услуги, а со тоа им се негира правото на заштита и поддршка. Во РС Македонија сексуалните работници се изложени на висок ризик од насилство од страна на партнерите, клиентите, членови на семејството, државата и институциите, како и од општата јавност.

## Особено ранливи групи на насилство

Секој може да биде жртва на насилство без разлика на полот, родот, возраста, етничката, националната, верската припадност, сексуалната ориентација, партнерскиот статус, професијата и безброј други нешта со кои индивидуата се идентификува. Кога е сексуалното насилство во прашање постојат групи на луѓе кои се поподложни и поранливи, а тоа се: жените и девојките; децата; лица со попреченост; сексуалните работници/чки; ЛГБТИ заедницата; луѓето сместени во психијатриски институции, домови за згрижување и затворите.

## Сексуални работници/чки

Кога станува збор за сексуалното насилство при вршење на сексуална работа, тоа е многу пошироко. Според сведоштвата на сексуалните работници/чки во државата, најчесто се појавува

кога се договара давање на една услуга за одредена сума, па корисникот на сексуални услуги насилно посегнува и по друг вид на сексуална услуга. Присилувањето на сексуален однос без користење контрацепивно средство од страна на клиентите е една од многу честите форми на сексуално насилство врз сексуалните работници/чки. Сексуалната работа има голема и широка тематика која се врзува со сексуалното насилство. Хот лајн услугите, салоните за масажи и виртуелните услуги користејќи го интернетот немаат голем ризик од сексуално насилство, но директното давање на сексуални услуги, како на отворената, така и на затворената сцена, се најчесто проследени со сексуално насилство – сметаат претставниците од организациите за заштита на правата на сексуалните работници/чки.

## Сексуално насилство

Сексуалното насилство е едно од најсекојдневните форми на насилство во Македонија, но во исто време и едно од најмалку пријавуваните. Причините за непријавување се најразлични, започнувајќи од конзервативноста и патријархалноста на општеството, каде женската сексуалност се смета за неморална, а во исто време на телото на жената се гледа како на сексуален објект во сопственост на мажите, до непрепознавање на различните форми на сексуално насилство и недоволниот број законски одредби со кои се санкционираат различните форми на сексуално насилство.





## Интервјуа/Профили



Интервјуто е оригинално објавено во S-Work број 38, од ноември 2015 година

# Интервју со Каја Вон Толие, холандска сексуална работничка

Ви ги откриваме работите кои отсекогаш сте сакале да ги знаете за сексуалните работнички.

Минатата недела зборувавме со Каја Вон Толие, холандска сексуална работничка. Се запознавме во една кафетерија на Црвената улица во Амстердам. Каја работи како сексуална работничка веќе 16 години. Преку ова интервју имавме прилика да разговараме за нејзиниот професионален живот и искуство.

**Кога започна да работиш како сексуална работничка?**

Од 1999 година. Започнав на улицата на Црвените фенери во Амстердам. Исто така работев и во Гронинген некое време, но повторно се вратив во Амстердам. Кога се вратив на Цревената улица повторно, градоначалникот на Амстердам одлучи да воведе построги прописи кои жените мора да ги исполнат доколку сакаат да работат како сексуални работнички. Тоа е една од причините поради која одлучив да работам во Утрехт. Но, по некое време и правилата во Утрехт станаа поригорозни дури од оние во Амстердам, што доведе да ја прекинам оваа професија.

**Дали планираш повторно да работиш на црвена улица?**

Не. Улицата се смени во изминативе 15 години. Повеќе ми се допаѓа црвената улица како што беше во минатото. Многу луѓе поминуваат, меѓутоа само мал процент од нив ги посетуваат девојките. Токму поради тоа, сексуалните работнички имаат потешкотии да заработат, дури немаат доволно за кирија во излозите. Сметам дека заработувачката е многу мала. Но сите си имаат различно мислење.

**Зошто започна да работиш како сексуална работничка?**

Морав да се грижам за самата себе уште од рана возраст. Морав да научам како е да се преземат некои одговорности. Бев во потрага по начини како да ги вратам долговите во краток временски период.

Нешто што ќе ми даде можност да го продолжам своето школување. Така започнав да работам како сексуална работничка. Всушност, ми се допаѓаше атмосферата во тоа време на Црвената улица. Во 90-тите години, Црвената улица беше како некое мало село, каде што сите беа навистина дружељубиви.

**Кои се бенефициите на оваа работа?**

Сексуалната работа има многу бенефиции. Оваа работа нуди чувство на слобода. Можеш сам да си ги планираш смените за работа. Големата заработувачка е уште еден бенефит. Исто така, оваа работа е забавна. Секогаш сум среќна за време на моите смени, и имам навистина пријатни искуства. Не можам да замислам дека некој не би сакал да заработува на ваков начин.

**Но кои се негативните работи?**

Една од негативните работа на сексуалната работа е фактот што е стигматизирана. Луѓето ги сметаат сексуалните работнички за жртви на трговија со луѓе. Но ова е сосема неточно.

**Дали на сите им кажувате дека сте сексуален работник, на пример кога одите на роденденска забава?**

Сега веќе да. Дури и неколку пати се појавував јавно на телевизија, и повеќето луѓе веќе ме знаат.

**Дали им кажувавте на луѓето кога започнавте со оваа работа?**

На почетокот го чував како тајна, но мајка ми имаше претчувство за тоа што работев... Како и секоја мајка. Еден ден ме праша дали работам како сексуална работничка. Тоа беше моментот кога и признав. Потоа споделив со некои од членовите на поширокото семејство. Но, не на целото семејство, што значи не знаат сите. Но, како што кажав, сега веќе сите знаат.

**Дали ја сакаш твојата работа?**

Да, отсекогаш сум сметала дека ова е прекрасна професија.

**Што најмногу ти се допаѓа?**

Ова е навистина многу тешко да се објасни. Едноставно имав прекрасни искуства додека работев. Уживав во разговорите со клиентите странците. Секогаш ми беше забавно за време на моите работни смени.

**Дали секогаш имаш сексуални односи со клиентите?**

Не, не секогаш. Некои од клиентите повеќе сакаат да ги придружувате на вечера или во хотел, или на плажа. Има различни клиенти со различни желби.

На некои им е тешко да разберат дека сексуалните работници ја работат својата работа зошто тоа навистина го сакаат. Што мислиш која е причината за тоа?

Тоа е поради фактот што не знаат многу за оваа работа. Всушност, јас ја имав истата мисла за сексуалните работници, пред да започнам со оваа работа. Луѓето не можат да си замислат дека сексуалните работници сами за себе одлучуваат како да заработат за живот. Кога почнав да работам како сексуална работничка, го забележав чувството на слобода кое го нуди оваа работа. Не можам да замислам некое друго работно место кое може да ја нуди истата слобода.

**Која е разликата помеѓу Црвената улица во Амстердам и делот од Утрехт каде што работат сексуалните работници?**

Работата на Црвената улица е навистина интересна ако си на возраст околу 18 години. Оваа улица е раздвижена, има луѓе кои пијат, пеат и се забавуваат. Луѓето сакаат да се шетаат во овој дел од градот, бидејќи навистина е убаво. Но, повеќето од нив се само туристи кои немаат за цел да посетат некои од девојките кои работат тука. Јас кога започнав како сексуална работничка, ова воопшто не ми сметаше. Но како што стареев, посакував место кое ќе ми понуди посериозни клиенти. Во областа Утрехт има бродови поставени во една линија, кои служат како јавни куќи. Утрехт привлекува повеќе холандски бизнисмени кои често знаат да останат и по неколку часа, а не само 15 минути. Исто така, спротивно на Црвената улица, во Утрехт имавме свој тоалет и кујна. Клиентите и начинот на работа е сосема различен во Утрехт. И сето тоа навистина ги исполнува моите желби сега.

**Дали имате туристи за клиенти во Утрехт?**

Понекогаш моите клиенти беа од Германија, Белгија дури и од Велика Британија, но повеќето беа од Холандија.

**Колку плаќаше за да изнајмиш бордел во Утрехт?**

Во Утрехт киријата беше 650 долари за 7 дена, 12 часа во денот. Јас работев пола работно време, бидејќи заработував повеќе. Секогаш ја вадев киријата за борделот во првите 2 дена. Остатокот од неделата имав доволно слободно време да правам што сакам. Навистина ја сакав слободата што ми ја нудеше оваа работа.



**Дали мислиш дека сексуалната работа треба да се легализира насекаде во светот?**

Сметам дека сексуалната работа треба да претставува легална опција за жените. Доколку жените поминуваа низ тешки периоди како на пример развод, во повеќето случаи грижата за децата им останува токму на нив. Тие би требало да го имаат правото да работат како сексуални работници за да ја задржат независноста доколку тоа го сакаат. На тој начин жените може да заработуваат за живот.

**Колкав е бројот на жени кои работат како сексуални работнички во областа Утрехт?**

Таму има вкупно 162 излози со по две смени во секој излог, што значи некаде околу 330 жени работат во таа област.

**Колкав е бројот на жени кои работат за макроа во Холандија?**

Во Утрехт, жените најчесто работат без макроа. На Црвената улица, макроата најчесто работат со по три жени. Во Утрехт, борделите имаат строги правила за работа со макроа. Но, за жал присутна е трговијата со луѓе. Како сопственик на бордел, сепак не можеш да бидеш сигурен дали девојката работи сама или за макро.

**Дали вие имавте макро?**

Не, јас никогаш не работев со макро. Но за време на мојата кариера, запознав девојки кои работеа со макроа, меѓутоа тоа и го посакуваа. Луѓето сметаат дека макрото на девојката е секогаш нејзиното момче. Луѓето си имаат своја дефиниција за макро. За мене,

макро е тој што ги зема твоите пари, кој те форсира да ја работиш оваа работа.

**Какви безбедносни мерки постојат во борделите во кои имаш работено?**

Ова се има променето во текот на годините. Кога започнав да работам во 1999 година, тогаш не постоеа правила. За да изнајмиш излог потребно беше само име, не беше потребно да го покажуваш својот пасош. Набрзо по затворањето на бродчињата во Утрехт, секоја жена требаше да се регистрира како сексуална работничка, во локалната полиција и општината.
Па така со текот на годините, правилата стануваа се построги.

**Дали е вистина дека сексуалните работници немаат право на осигурување?**

Да, тоа е вистина. Како сексуална работничка, само една банка ми овозможи да имам своја приватна сметка. Банките ни даваа изјави дека сексуалната работа не е безбедна професија, бидејќи тешко е да се каже дали и колку ќе заработуваат во иднина. Некои банки не се срамат јавно да ја дискриминираат оваа професија, и се навистина транспарентни дека не сакаат сексуални работници за свои клиенти.

**Кои се твоите идни планови?**

Мојата идна цел е да станам сопственик на свој бордел некаде во центарот на Утрехт. Заедно со некои од моите бивши колешки аплициравме за овластување на дел од борделите и најверојатно би започнале за неколку месеци. Ќе бидам одговорна за целата улица со излози , па нема да имам потреба да работам како сексуална работничка. Но потребно е да се завршат уште неколку работи со локалната самоуправа која е многу строга во Утрехт. Доколку само една од девојките стане жртва на трговија со луѓе, целата улица ќе биде затворена. Ќе работат околу 50 сексуални работнички и јас ќе ја имам најголемата одговорност. Јас би сакала да продолжам да работам како сексуална работничка, но сепак не би имала време.





Интервјуто е оригинално објавено во S-Work број 39, од декември 2015 година

# Ескорт со три лика

Додека го пишувам ова чувствувам внатрешен немир, безброј случки од минатото ми поминуваат пред моите очи...

Јас сум Емил, Алекс и Сузи, но пред се дечко кој што се занимава со сексуална работа..

Имам 33 години, роден сум во Скопје. Моите тинејџерски години беа во време кога во Македонија беше премногу тешко да се егзистира. Време кога бев млад, кога сакав забава, патувања , студии, период кога го посакував она кое што го живеат другите да го живеам и јас. Време кога државата не им даваше никаква поддршка на младите..

Започнав со Емил, тоа беше моето прво уметничко име, моето прво искуство во сексуалната работа. Тоа беше далечната 2000-та година. Работев на отворена сцена каде што работат повеќе девојки, но најчесто работев по оние места каде што излегуваат мажи кои што бараат секс услуги од млади момци.

Беше пролет, бев излезен на едно од крузинг местата, каде што полесно можете да најдете партнер за секс. Во еден момент се појави човек, на отприлика 50 годишна возраст, човек во чии очи се гледаше дека одмна немал допрено младо тело. Ми прозборе на англиски и од мене побара да го придружувам во неговата хотелска соба во еден познат скопски хотел. По завршување на играта, сфатив дека на ваков начин можам да заработувам за да си ги задоволам сите потреби како еден млад студент. Оттогаш започнав да нудам услуги, но тоа не беше само секс, туку беше целосна игра, понекогаш имаше разменување и на нежности, сослушување на осамени клиенти, нудење на масажи, забава...

Постојат премногу случки кои ги паметам до ден денес и кои ми оставиле голем впечаток, но има и такви кои се заборавени, но една случка никогаш нема да ја заборавам. Бев на повик кај еден дипломат во Македонија, кој по завршувањето на услугата ми рече: „По вас многу плукаат, но многу повеќе ве посакуваат и бакнуваат". Ова ми беше мотив за да продолжам со работата која ја сакам и ме направи горд што сум сексуален работник, но и еден од мотивите за моето започнување со активизмот поврзан со ЛГБТ заедницата и сексуалната работа.

Од 2010-та продолжив со Алекс и Сузи. Ова се двете мои уметнички имиња кои што и ден денес ги користам. За среќа, сега имаме можност слободно

да патуваме надвор од државата и особено сум среќен што можам да ја работам оваа работа во Европските земји. До неодамна бев во Грција. Одлучив да заминам на „печалба“ на еден од Грчките острови. Ова место ми даде можност да го спојам одморот, забавата и работата. Бев вработен во еден од најпознатите клубови во Грција, на почетокот како келнер, а подоцна мојата обврска беше да ги занимавам и анимирам гостите со цел да направат поголеми сметки. Ваквата улога навистина ми одеше од рака. Но, покрај ова исто така договарав и средби за одреден надомест и по завршување на смената во клубот.

Откако се вратив во Македонија заедно со уште 3 сексуални работници започнавме со неформално активистичко движење кое подоцна се оформи во невладина организација СТАР. Целта на организацијата е да ги застапува токму нашите прави. Организација во која поголемиот број од активистите се сексуални работници и единствена која работи во насока на застапување на нашите потреби и интереси.

Преку сексуалната работа се стекнав со различни искуства, и како секоја друга работа и оваа си има свои позитивни и негативни страни. Дури по долгото работење на Хотлајн и нудење сексуални услуги сфатив дека како човек кој што е деградиран од општеството, сепак сум многу понормален за разлика од многубројните клиенти кои само навидум важат за луѓе кои што живеат по правила и норми на општеството.

Во иднина поради мојата возраст можеби помалку ќе се занимавам со сексуална работа, но никогаш нема да ги заборавам моите позитивни и негативни искуства од минатото како сексуален работник. Но тие ќе ми останат како нешто што ќе ме води понатака во животот, т.е да ги застапувам правата на сите оние кои што се занимаваат со сексуалната работа, воедно и да им овозможам на моите пријатели и луѓето од општеството да ја запознаат сексуалната работа како работа. Ова не е само обичен и измислен текст, туку вистинска приказна од нашето секојдневие!!!





Интервјуто е оригинално објавено во S-Work број 55, од април 2017 година

# Фелисија Ана - Сексуална работничка од Романија која работи и живее во Холандија

Фелисија Ана е всушност псевдонимот на оваа девојка која работи како сексуална работничка во Амстердам. Таа неодамна го има отворено својот веб-блог, преку кој можете најдобро да добиете увид во светот на сексуалната работа во Европа, особено во Холандија.

**Забележав на твојот веб блог, дека имаш 27 години, и дека работиш како сексуална работничка во Амстердам веќе 4 години. Ти си родена во Романија? Дали работата во Амстердам е единстевената причина за твојата преселба таму?**

Точно така, ја сум родена и израсната во Романија и Амстердам е единственото место каде сум работела како сексуална работничка. Претходно, немам работено во ниедна друга земја, освен во мојата, во Романија.

**На твојот блог имаш споменато, дека парите се единствната твоја мотивација да ја започнеш оваа работа. Дали твојата фамилија и пријателите знаат за твојата одлука, и дали некој те има натерано да се впуштиш во оваа работа?**

Никој ме нема натерано присилно да ја работам оваа работа, всушност, моите пријатели и семејството воопште не ни знае за мојата одлука. Сметам дека поголемиот дел од сите девојки кои работат тука, го прават тоа бидејќи сакаат, а само мал процент, околу 8% се принудени на тоа.

Сметам дека сите оние кои велат дека повеќето девојки се присилени на сексуална работа, всушност тие воопште не се заинтересирани за нивното “спасување“, туку сакаат да ја претставаат сексуалната работа во негативно светло во општеството.

**Дали сметаш дека во Романија, или во некоја друга земја, сексуалната работа е решение за повеќето девојки? Со други зборови, зошто мислиш дека девојите од Источна Европа започнуваат да ја работат сексуалната работа?**

Не сметам дека сексуалната работа е најчестото решение за девојките, но мислам дека е една од повеќето опции. Едноставно можеш да избереш дали сакаш да работиш во продавница, во ресторан како келнерка или како сексуална работничка.

Причината зашто голем дел од жените од Источна Европа се впуштаат во сексуалната работа во друга земја е едноставна, а тоа е големата разлика во сумата на пари која ја заработуваат. Точен е фактот, дека земји како Романија се многу сиромашни, всушност има многу девојки како мене кои работат тука а при тоа остваруваат можности за подобро живеење понатака во својата земја. Поентата е во тоа што оваа работа дава можност за заработување на многу пари, кои едноставно не можете да ги одбиете, се додека сте ОК со сексуалниот дел од оваа работа.

При тоа, сексуалната работа во Амстердам ви нуди и слобода. Можеби ова би звучело чудно за многумина, обично сметајќи дека сексуалната работа е секогаш поврзана со контрола, угнетување и присилување, но не е секогаш таков случајот. Всушност, сите ние сме самовработени во Амстердам. Ние имаме свои бизниси. Сами си одлучуваме кога ќе работиме, колку долго сакаме да работиме, кои денови би работеле и сами одлучуваме кога сакаме да одиме на одмор. Едноставно, нема кој да ти каже како да ја работиш оваа работа, или да ти кажува дека работиш нешто погрешно. Јас сум си шеф сама на себе, јас ги контролирам работите. Тоа е една од предностите во оваа работа, својата слобода.

**Колкава сума на пари во просек може да се заработи како сексуален работник во Амстердам? Доколку не се вклучени и макроата во овој бизнис, колку треба да се плати данок на државата? Зошто 50 евра за 15 минути е најчестата цена кај различни девојки?**

Многу е тешко да се каже за процентуалниот износ на тоа колку заработува една девојка во месецот. Некои девојки работат многу добро, едноставно зашто изгледаат многу добро, други пак имаат потешкотии при наоѓањето на своите клиенти. Може да се случи еден ден, едвај да заработиш пари, друг ден пак може



да заработиш и до 2 000 евра. Затоа ми е тешко да одговорам на тоа прашање. Но еве, просекот нека биде нешто помеѓу 5 000 и 35 000 евра. При тоа сакам да ја истакнам лошата економска ситуација во денешницава, бидејќи во подобрите времиња, неколку години наназад, многу лесно беше да се заработата тие 30 000 евра.

Откако, сексуалната работа е легална во Холандија, ние како работници на својот бизнис, треба да плаќаме данок на државата како и секој друг.
Во овој момент, данокот изнесува 21% од нашата заработувачка, што е многу во однос на тоа колку ние заработуваме. Затоа, повеќето девојки велат дека владата е една од најголемите макроа, бидејќи таа најмногу профитира од сексуалната работа.

Цената од 50 евра за 15 минути, е истата веќе со години. Нависитна, незнам кој ја има одредено оваа цена, но претставува непишано правило на Red Light District како минимална цена.

**Како би ја опишала својата работа? Застрашувачка? Досадна? Интересна? Дали некогаш си била нападната или преплашена? Како изгледаат твоите типични клиенти, и која е најчудната работа која ја имаш доживеано како сексуална работничка?**

Од сè по малку. Се зависи од луѓето кои ти приоѓаат и кои шетаат по улиците. Многу често е досадно, чекајќи со саати на клиент, но исто така може да биде и многу забавно, бидејќи има луѓе со кои навистина можеш да се насмееш. Секој ден е различен, бидејќи секој ден се среќаваш со различни луѓе, нови туристи доаѓаат постојано кои ти овозможуваат да искусиш нови доживувања.

Да, ме има нападнато клиент еднаш во мојата 4 годишна кариера. Всушност и не беше негова вина, меѓутоа зема преголема доза на дрога и едноставно побудале. Проба да ме задави, но само по неколку секунди се оттргна од мене, бидејќи сфати што всушност прави и ме остави. Ми се извинуваше милион пати, за да на крајот истрча надвор во своите боксерки, носејќи ја останатата гардероба во рацете.

Понекогаш, ме фаќа страв кога ќе видам луѓе кои на прв поглед изгледаат застрашувачки, но многу



често се случува, да испадне спротивното, т.е откако подобро ќе ги запознаеш, всушност тие се навистина фини и пријателски настроени. Од оваа работа научив многу, односно на кои луѓе можеш да им веруваш а на кои не, и врз основа на тоа и мојот инстинкт, ги бирам и моите клиенти.

Не постои нешто такво како типичен клиент. Клиентите кои ние ги имаме се обични луѓе. Ништо нема чудно кај нив, тие се нормални личности со нормални работи. Поголемиот дел од нашите клиенти се туристи, кои доаѓаат од целиот свет. Единствената работа која им е заедничка и која можам да ја кажам за нив, е тоа што тие навистина не почитуваат, што за жал не важи за сите.

Најчудната работа која ја имам доживеано е кога еден клиент бараше од мене да го шетам како куче. Тој не сакаше ништо друго, не сакаше секс, само да го водам по собата врзан со ланец. Постојат клиенти со чудни барања, кои доаѓаат кај нас само поради тоа што тоа неможат да го добијат кај своите жени или девојки. Некои пак, поради своите чудни желби се преплашени и често срамежливо знаат да ти пријдат барајќи да им ги исполниш нивните сексуални фетиши.



# Исповед на една тајна девојка од Белград

За Рајко Поповиќ (28) запознавањето никогаш не било едноставна работа. Но, не и откако станала Рајка.

Дамски потпрена на шанк, висока плавуша пие црвено вино. Носи тесни фармерки кои и ги истакнуваат нејзините високи нозе и кошула која и открива сончаната кожа. Кожа од која цел живот сакала да излезе.

„Родена сум во центарот на Белград, кај Ташмајдан. Бев градско дете, привилегиран плав дечко од традиционално српско семејство. Син на вистински Балканец. Само што мене и на мојот татко ни стана сосема јасно дека сум поразличен од своите врсници“, раскажува брзо Рајка, како да сака да го премота тој филм од своето детство.

„Уште од моето детство бев поразлична. Тоа се гледаше дури и во основно училиште. Не ме интересираше спорт, сакав само да танцувам. Моите родители ми забрануваа да играм. Но тоа не оди така лесно. Јас сум жена родена во машко тело. Тоа е за мене вистина како што е вистина дека ти имаш плави очи. Но мојот татко не можеше тоа да го прифати, не можеше да поднесе неговиот син да биде всушност ќерка, па дури и тоа да значи синот да биде длабоко несреќен. И затоа се криев“, продолжува Рајка. „Но потоа дојде периодот на пубертет“.

„На 14 години сфатив дека нема назад, а веќе на 16 почнав да се облекувам како женско. Знаев дека нема да ми биде лесно“, кажува Рајка додека удира со високите потпетици на подот.

„Кога за прв пат купив женска облека, како нешто да ми кликна во главата. Тоа сум јас. Бев среќна, но исто така знаев дека ме чека борба. Откако тато умре, малку по малку, почнав да му се откривам на семејството, и да се прикажувам онаква каква што сум. На ден Божиќ, се сеќавам се дотерав, и седнав на семејната трпеза. Знаеш, сакам многу да се шминкам, но депилација не, тоа е пекол за мене! И така звонам на вратата, а моите мајка и сестра ме чекаат. Навистина се изненадија, но и ме прифатија“, кажува Рајка и се смее. „Мојата сестра најмногу ме сака, но има и такви кои им е полесно да ме мрзат“.

За транссексуалните лица, шетањето во јавност е опасност.  Само до продавница да отидеш, некој нешто ќе ти дофрли. Тешко е да сфатиш, некој што не те знае, да сака да те повреди, а ти нему не му посакуваш зло. Можам да кажам дека мене многу често и не ме забележуваат дека сум маж облечен како жена, а доколку некој маж ми пријде, ја веднаш поставувам граници.“

„Многу често се случувало некоја девојка да биде љубоморна, ако нејзиниот дечко го сврти погледот кон мене, а пак ако сфати дека тој всушност погледнал во транссексуалка, можам да замислам што се случува. Но оние кои ме познаваат многу брзо се опуштаат, бидејќи знаат дека сум добра личност и дека сакам да се шегувам и смеам како сите други“, кажува оваа белграѓанка и додава: „Само сакам да бидам здрава и да го изградам својот живот“. Но тоа е далеку од едноставно.

„Не дај боже да се разболам, кога одам на шалтер, во мене гледаат како да влегол диносаурус. Во книшка гледаат машко име, а пред себе нашминкана жена. И тогаш морам да почнам да ја раскажувам својата животна приказна, за да можам да посетам лекар“, открива Рајка и додава “А на лекар морам да одам поради терапија за хормони“. Рајка дели судбина со 2/3 од транс популацијата во Србија, таа се чувствува како жена, се облекува како жена, но не сака операција за промена на полот.

„Нашите доктори, оние кои најмногу треба да им помогнат на транс личностите не знаат дека 2/3 од нив не сакаат да прават операција за промена на полот. Иако Уставот и Законот за забрана на дискриминација не дозволува дискриминација на овие личности, во реалниот живот и не е баш така“, кажува докторката Фарида Басиони-Стамениќ, специјалист за мониторинг и евалуација како и активистка во организацијата Егал која се бори за подобрување на животот на транссексуалните лица.

„Многу често се случува докторите да одбиваат да ми дадат хормонска терапија, но тоа е моја терапија, и тоа е исто како на некому да му фали инсулин, а има дијабетес. На транссексуалните личности им е навистина тешко, тие скоро и да не можат да си најдат работа, а терапиите со хормони не се евтини. Јас навистина не сакам да имам операција, за мене хромоните се доволни да бидам онаква каква што сакам однадвор како одраз на тоа каква сум одвнатре“, јасно кажува Рајка. „Но ги поддржувам своите сестри кои сакаат да се оперираат, и затоа сум вклучена во активизмот се со цел да им помогнам“.

„Јас сакам само да бидам жена и да си го изградам својот живот. Уживам со моето семејство и ги празнуваме заедно сите  слави. Имам свои соништа и свои желби и само сакам другите да ме запознаат добро, а не да ме осудуваат“, нагласува Рајка и проверува дали е тоа запишано во интервјуто.





Интервјуто е оригинално објавено во S-Work број 68, од април 2018 година

# Нов поглед на животот на една трансродова жена

*Оваа трансродова жена воопшто не се плаши да зборува за својата транзиција, напротив смета дека со поголема транспаретност за транс заедницата во медиумите ќе се помогне во решавањето на многу негативни и штетни стереотипи.*

**Кога започна да сфаќаш дека припаѓаш на спротивниот пол?**

Уште во најраното детство чувствував потреба да се облекувам како девојче. Секогаш кога моите беа на работа или одеа на гости, јас ја користев приликата да бидам сама и се облекував во фустаните на мајка ми. Користев од шминките на мајка ми и стоев пред огледалото замислувајќи се дека сум девојче. На 16 години сфатив дека сум поразлична од другите момчиња, се до мои 26 години кога решив да „излезам од плакарот“ и да се прифатам себеси како транс личност.

**На која возраст почна со транзицијата?**

На 26 години почнав да размислувам за хормонска терапија. Со помош на невладините организации стапив во контакт со докторка од клиниката во Скопје со која година и пол бев во консултација за предизвиците и промените со започнувањето на хормонската трерапија. На 28 години почнав со процесот на транзиција, односно почнав да пијам хормонски таблети.

**Како ти се промени животот откако избра да живееш како жена?**

Искрено, малку ми е страв, гледам да не излегувам многу во јавност, особено навечер, сепак мојата промена е забележлива. Луѓето на улица ме гледаат со чудење, не разбираат што сум. Ме идентификуваат како геј, но јас воопшто не се чувствувам како геј. Веќе ми е преку глава на секого да му објаснувам што сум и која сум.

**Што сакаш другите да разберат за трансродовите мажи и жени?**

Сакам да знаат дека ние сме нормални луѓе, кои само родовиот идентитет им е различен од останатите. Не сме болни, така сме родени, а не какошто кажуваат дека такви сме станале поради имиџ, слава и незнам таму што уште друго. Сепак, можам да кажам дека е тежок целиот тој процес, пред сè со барање на работа. Доколку не живееш со своите, потешко е да најдеш стан за живеење. Едноставно тешко е затоа што си неприфатена од општеството и низ сите проблеми треба да поминуваш сама без никаква помош и поддршка.

**Кои се твоите предизвици во животот?**

Неодамна ги променив моите лични документи, моето име, но полот сеуште не ми е променет. Се надевам за три години ќе имам успешна операција и ќе бидам комплетна жена и ќе го живеам сонот за кој сум сонувала од мала. Би сакала да ја најдам љубовта на мојот живот, да ме прифати таква каква што сум, без предрасуди. Сакам да се омажам и да бидам среќна.

**Дали твоето семејство и пријателите знаат дека си трансродова жена?**

Со самото неприфаќање од моето семејство, уште на 20 години решив да си заминам од дома. Иако тие незнаат што точно се случува со мене, сепак имаат некое претчувство. Со брат ми воопште не комуницирам, односот со татко ми е променет. Единствено со мајка ми сеуште сум во контакт, но таа не знае за целата моја транзиција. Од пријателите што сум ги имала, може да ги избројам на една рака тие што ме имаат прифатено и кои секогаш се тука за мене. Тие се единствените што ме разбираат и ми даваат целосна поддршка да продолжам понатаму.

**Те молам објасни ми го процесот на транзиција низ кој што поминуваш?**

Пред да започнам со хормонската терапија бев поопуштена, но со самото земање на хормони станав поемотивна. Сега многу работи ме растажуваат, тоа претходно не ми се случувало. Почнав да размислувам поинаку, почнав да се чувствувам и однесувам како девојка. Во однос на врските со мажи, барам постабилни партнери. Сега сум некако понервозна, но се надевам дека ќе го поминам овој тежок период и ќе бидам посреќна, повесела. Тука ме гуши секојдневието, па планирам  што е можно побрзо да заминам од државата. Сметам дека Европа ќе ми овозможи послободен живот, каде што ќе можам да бидам тоа што сум без да ме осудуваат.

**Што може да направи светот за трансродовите лица да се чувствуваат удобно и да бидат прифатени?**

Пред сè, да не не стигматизираат и дискриминираат е тоа што јас го посакувам. Сметам дека секоја трансродова личност ќе се согласи со мене. Сакам да не прифатат такви какви што сме и да не не осудуваат за нашиот избор, за нашиот начин на живеење.

**Името не е откриено, со цел да се заштити нејзиниот идентитет*











Интервјуто е оригинално објавено во S-Work број 75, од декември 2018 година

# Лила Милиќ - Единствената трансродова личност на Модниот викенд во Скопје

*Оваа трансродова жена воопшто не се плаши да зборува за својата транзиција, напротив смета дека со поголема транспаретност за транс заедницата во медиумите ќе се помогне во решавањето на многу негативни и штетни стереотипи.*

„Гепардот својата енергија ја согорува од срцето. Повремено зрачи како страсна супернова. Го чека вистинскиот момент и никогаш не се откажува. Колку сила и енергија им даваш на другите? Веруваш ли во својата истрајност да го заштитиш она што е твое, тогаш кога е најважно? Креациите од новата колекција есен/зима '18/19 беа претставени со перформанс што ја слави убавината на различноста. Продефилираа индивудуи кои грабат со смел чекор, како на пистата, така и во животот." – напиша Ирина Тошева, модната дизанејрка која беше единствената модна дизјанерка на Fashion Weekend Skopje 2018 која во својата ревија вклучи девојки кои не се професионални манекенки. Една од нив е и Лила Милиќ, трансродова личност која беше дел од ревијата на Ирина Тошева на овогодинешниот Fashion Weekend Skopje кој се оддржа од 1-ви до 4-ти ноември во хотел Мериот.

Благодарение на разговорот со Лила, имаме можност да дознаеме повеќе за тоа како е да се биде единствената трансродова личност која настапила на една ваква важна манифестација.

**Можеш ли да ни раскажеш малку повеќе за тоа како дојде до соработка со модната дизајнерка Ирина Тошева?**

Преку мои пријатели кои исто така лично ја познаваат Ирина. Ми раскажаа кој е всушност целокупниот концепт за нејзината ревија, дека станува збор за перформанс кој вклучува различни профили на личности кои се несекојдневни и кои општеството гледа поразлично на нив. Откако ми ја доловија нејзината идеја, стапив во контакт со Ирина. Бидејќи навистина ми се допадна тоа што таа сака да го постигне со нејзината ревија без двоумење



прифатив да бидам дел од истата. Ми се отвори можност за поголема видливост како трансродова личност. На самата ревија учествуваа 11 девојки од кои 4 беа професионални манекенки, а другите седум учеснички беа девојки и жени кои на некој начин се отфрлени или дискриминирани од општеството поради нивниот физички изглед.

**Како течеа подготовките пред и за време на ревијата?**

Една недела пред ревијата се сретнав со Ирина Тошева. На средбата ги обработувавме деталите за мојот настап, се договаравме што ќе носам и како треба да изгледам. На самиот ден на ревијата подготовките почнаа уште од попладневните часови, имавме неколку проби, потоа шминкање, фризури и секако имаше дружење.

**Што носеше ти на ревијата?**

На ревијата носев долг капут, уникатен. Можам да кажам дека целата нејзина колекција за есен-зима 2018/19 беше уникатна и беше направена специјално за оваа ревија. Нејзините парчиња дизајнирана облека можете да ги погледнете во нејзиното ателје кое се наоѓа во Градскиот трговски центар.

**Можеш ли ди ни го опишеш твоите впечатоци на еден ваков важен настан?**

Пред сè сакам да им се заблагодарам на организаторите на Модниот викенд во Скопје кои ми ја дадоа оваа можност, исто така и на дизајнерката која иако никогаш не сум била манекенка ми ја даде целосната поддршка и веруваше во мене дека ќе се покажам во најдобро светло. Сакам да напоменам дека Ирина немаше претходно најавено какви девојки ќе учествуваат во нејзината ревија и тоа беше изненадување за сите присутни. Сепак, сакам да нагласам дека бевме сите супер прифатени. Можам да кажам дека таа вечер сите ги славеа различностите. Морам да признаам дека чувствував страв на почетокот, сепак тоа е јавен настан, и незнам како луѓето ќе реагираат кога ќе видат трансродова личност на пистата. Ова се должи на моите лоши претходни искуства кога сум излегувала во јавност. Но за среќа, се испадна како што треба и како што доликува за еден ваков настан.

**Имаш ли некаков план за во иднина, на пример да учествуваш повторно во некој настан од јавен карактер?**

Се надевам дека ова нема да ми биде единствено вакво појавување во јавноста и дека во иднина ќе има повеќе вакви можности каде што луѓето како мене ќе можат без страв и осудување да се појавуваат на важни настани од јавен караткер а со цел да станеме повидливи и прифатливи за општеството. Во декември, ќе има изложба на која ќе има и мои фотографии. Сè уште не е договорено како ќе се вика оваа изложба, бидејќи нејзините подготовки се се уште во тек. Со изложбата сакаме да покажеме дека трансродовите луѓе постојат и не сакаме да бидеме ние тие кои ќе се навикнуваат на општеството, туку општеството треба да се навикне на нас. И за наредна година имам планови, но рано е да се откриваат.



Фото кредит: Ани и Дими






# Активизам




# Сексуалните работници како иницијатори на првите општествени движења низ целиот свет

Сексуалните работници се неприфатени во општеството, а сепак многу малку знаат дека токму сексуалните работнци се тие кои ги создале први општествените движења низ целиот свет. Во средновековна Европа, сексуалните работници кои работеле во бордели, одвреме-навреме учествувале на штрајкови или улични протести, како реакција на затворањето на нивните работни места, или поради неприфаќање на лошите услови за работа. Во 15-иот век, голем број сексуални работници се собрале на масовен протест пред Градското собрание во Баварија барајќи ги своите права, при тоа истакнувајќи дека сексуалната работа е само работа, а не грев, како што повеќето ја сметале во тоа време.

Една сексуална работничка изјавила за Times of London, во 1859 година: „Јас работам чесно и сакам да им се обратам на сите, вклучувајќи ги и полицајците: Кои сте вие да расправате за моралот, знаете ли вие воопшто што е морал?“

Во далечната 1917 година, околу 200 сексуални работници марширале во Сан Франциско, протестирајќи против одлуката за затварање на борделите. Нивниот протестен марш бил наречен „Првиот женски марш“. Една од организаторите на маршот изјавила: „Скоро секоја од овие жени тука е мајка и се зависи од неа. Нема да постигнете ништо добро со тоа што не напаѓате, наместо тоа, зошто не почнете да работите на подобрување на лошите економски услови?“

Грижата едни за други е политичка работа. Пример за меѓусебната грижа кај сексуалната заедница датира уште од 19-иот век. Во Велика Британија и во Ирска, сексуалните работници се организирале во заедници и си давале меѓусебна помош, си ги делеле приходите и заедно се грижеле за своите деца. Еден новинар во тоа време забележал: „Главниот принцип на едно здраво општество е меѓусебното делење на добра ... кога во тешки времиња една или повеќе фамилии им помагаат на други. Се што заработуваат оди во една каса и од истата се обезбедуваат основните потреби за сите.“

Храброста и отпорноста на сексуалните работници игра голема улога во многубројните борби за слобода. Во 50-ите години од минатиот век, сексуалните работници биле дел од активистичкото движење познато како Мау Мау, кое довело до ослободување на Кенија од Британската колонијална влада. Во 60-ите и 70-ите години од минатиот век, сексуалните работници учсетвувале во бунтот кренат во неколку кафулиња во центарот на Њујорк за ослободување на ЛГБТ заедницата во САД. Во време на брзи општествени промени, сексуалните работници често се наоѓале во центарот на голем




број протесни акции. Како што вели активистката и сексуалната работничка Марго Сент Џејмс: „Потребни се само две минути една курва да се исполитизира“.

Сент Џејмс била жестока активистка за правата на сексуалните работници и основач на заедницата на сексуални работници во Сан Франциско. Во 70-ите години, кога сексуалните работници немале јавна платформа преку која можеле да го кренат својот глас, таа отворено се идентификувала како „курва“ во јавноста. Во едно нејзино интервју за Ролинг Стоун, Џејмс зборувала за својата визија за ослободување на женската сексуалност. Таа ја формирала организацијата Call Off Your Old Tired Ethic (COYOTE) која дала значаен придонес во борбата против насилството врз сексуалните работници кои работеле во борделите.

Во 1974 година, сексуалните работници во Етиопија пристапиле кон новоформираната Конфедерација на слободни работни синдикати и се вклучувале во низата штрајкови кои пак придонеле за падот на владата. Во Европа, генерално активистичките движења на сексуалните работници започнале од 1975 година, кога сексуалните работници во Франција ги окупирале црквите во знак на протест против криминализацијата, насилството и полициската опресија.

Во текот на осумдесеттите години, се повеќе движењата за права на сексуалните работници почнале да стануваат меѓународни. Првиот и вториот Конгрес на сексуални работници се одржал во Амстердам и во Брисел, а почнале да се појавуваат и нови групи на сексуални работници во Австралија, Тајланд, Бразил, Јужна Африка и Уругвај, и други.

Во 1997 година, околу 4,000 сексуални работници влегле во историјата, на првата Национална конференција на сексуални работници во Индија, организирана од страна на Durbar Mahila Samanwaya Committee (DMSC). На наредната конференција која се одржала во 2001 година, бројот на сексуални работници се зголемил на 25,000, кои биле дојдени во Калкута да си ги изнесат своите барања. Во Боливија, во 2000-та година, 35 илјади сексуални работници од сите краеви на земјата учествувале во низа колективни акции против полициското насилство и затворањето на нивните работни места. „Се бориме за нашето право на работа и за опстанок на нашите семејства“, изјавила Лили Кортес, водач на Асоцијацијата на ноќните работници „Ел Алто“.

Некои од сексуалните работници организирале и протести и одбивале да одат на задолжителните прегледи за СПИ (сексуално преносливи болести). „Ќе протестираме се додека не се исполнат нашите барања. Сакаме слободно да работиме и никој да не не малтретира. Ќе се бориме со сите средства за правата што ги заслужуваме“, изјавил еден од учесниците на протестот на сексуални работници во Боливија.






# Значајни меѓународни денови кои ги одбележуваат сексуалните работници







## 3-ти март - Меѓународен ден на правата на сексуалните работници

Сексуалните работници од целиот свет го одбележуваат 3-ти март – Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници. Идејата за одбележување на овој ден датира уште од 2001 година, кога повеќе од 25000 сексуални работници се собрале на фестивал во Индија. Како организатор на целиот настан стои комитетот на сексуални работници Durbar Mahila Samanwaya со седиште во Калкута, чие членство брои повеќе од 50000 сексуални работници. Оттогаш, секоја година се слави 3-ти март од страна на сексуалните работници, нивните поддржувачи и активисти од целиот свет.

## 2-ри јуни – Меѓународен ден на сексуалните работници

Секоја година на 2-ри јуни се одбележува Меѓународниот ден на сексуалните работници. Како повод за одбележување на овој ден претставува акцијата во 1975 година, кога на 2-ри јуни се собрале околу 100 сексуални работници кои ја окупирале црквата Св. Низиер во Лион, Франција, со цел за да го изразат својот гнев за нивните дискриминирани и експлоатирани услови за живеење и работење. На 10-ти јуни, во 5 часот црквата била брутално нападната од страна на полицијата. Настанот се смета за раѓањето на модерното движење за правата на сексуалните работници. Оваа нивна акција предизвика национално движење и оттогаш секоја година овој ден се слави во Европа и низ светот.






## 17-ти декември - Меѓународен ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници

Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници за прв пат беше одбележан во 2003 година како спомен и почит за жртвите - сексуални работници на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон, кој потоа беше осуден на доживотна казна затвор. Оттогаш, на овој ден секоја година се организираат протесни маршови на сексуалните работници од целиот свет со цел да ја истакнат потребата за ставање крај на насилството врз нив.

Сексуалните работници постојано се изложени на насилство, агресија и малтретирање поради нерегулираната законска легислатива, стигмата и дискриминацијата. Сексуалните работници повеќе од 15 години ширум светот се борат за своите права, за нормални и безбедни животни и работни услови, за едно подобро општество кое треба да ја прифати сексуалната работа како и секоја друга професија.

## 14-ти септември Ден на гордоста на сексуалните работници

На 14-ти септември 2019, започна со одбележување “Денот на гордоста на сексуалните работници”.
Тоа е ден на заедницата каде се прославуваат достигнувањата и борбите на неуморните активисти, сексуални работници кои се борат насекаде за да се обезбедат правата и безбедноста која ги заслужуваат.

По воведување на овој ден од страна на Global Network of Sex Work Projects , денот на гордоста на сексуалната работници станува четвртиот годишен клучен датум на движењето за нивните права. На глобално ниво тие се соочуваат со многу предизвици во секојдневниот живот. Тие се маргинализирани, стигматизирани и лишени од своите права. Нивните гласови честопати се игнорираат, но тие никогаш не престануваат да се борат за правата што ги заслужуваат.



# Активистичко движење на сексуалните работници во борбата за нивните работнички права

Контроверзијата за тоа дали сексуалната работа може да се дефинира и третира како вистинска професија предизвикува лавина од емоции и дебати. Со признавање на оваа работа како и секоја друга ќе овозможи поголема социјална и правна заштита на сексуалните работници под покровителство на законите за работни односи.

Без разлика дали ги сакате или мразите сексуалните работници, сепак тие даваат услуги. Со тоа што сексуалната работа е најстара професија, давањето на сексуални услуги е старо колку и човештвото. Со глобализацијата, развојот на интернетот, онлине дејтовите, сајбер-сексот и најстарата професија на светот се менува и ги модернизира своите услуги за да го задржи чекорот со постојаното менување на технологијата. Во денешниот свет, сексуалните работници веќе не се само жени кои носат црвен фустан и високи потпетици, кои стојат на улица во ноќта во потрага по клиенти. Сексуалните работници сега се порно актери и актерки, ескорт придружници, хотлајн оператори/ки, жигола...

Всушност, како и секоја друга работа особено во оваа ера на нео-глобализација и приватизација на сѐ што генерира профит, сексуалните работници во повеќето случаеви не ги поседуваат своите тела, повеќето од нив не се во можност да преговараат за цената на нивните услуги. Сопствениците на хотели, сопствениците на клубови, сопствениците на интернет сајтови, сега се вистински работодавачи на сексуалните работници кои го продаваат својот труд.

"Ако имаш шеф, ти треба унија" е една од популарна слогани на работничкото движење. Очигледно е дека сексуалните работници во повеќето случаи се вработени од страна на големи бизниси кои сакаат да профитите од своите работници, а сепак не се грижат за доброто на своите вработени. Дури и во оние случаи кога сексуалните работници се самите свои шефови, сепак изобилува полициска бруталност и нивно малтретирање. Познато е дека полицијата е таа која изнудува услуги од сексуалните работници, ги апси, понижува, силува, наместо да ги заштити. Постои фактот дека сексуалните работници се изложени на сите видови на насилство и злоупотреба.

Полицијата е таа која упаѓа во јавни куќи, бордели и клубови и апси млади жени кои работат како сексуани работнички. Многу често се случува овие жени во текот на полициските рации да бидат малтретирани, уценувани, силувани и злоупотребувани. Во обид да го заштитат својот идентитет и да се ослободат, овие жени ќе направат се за да ги задоволат полицајците. Понекогаш тие се принудени да признаат злосторства што никогаш не ги направиле, или пак се принудени да им дадат


I CHOSE THE JOB THAT SUITS MY NEEDS
I'VE TAKEN IT INTO MY HANDS TO IMPROVE MY LIFE
I'VE WORKED HARD FOR EVERYTHING I HAVE
IN A FEW YEARS I'D LIKE TO START MY OWN BUSINESS
AND I'M A SEX WORKER

бесплатни сексуални услуги а за возврат да бидат ослободени. Ова претставува кршење на нивните основни човекови права, и ограничување на правото на жената слободно да живее и работи.

Сексуалните работници исто така се обвинуваат дека се носители на заразни болести, и преносители на ХИВ/СИДА и други СПИ. Иако точно е тоа дека изложеноста на многу сексуални партнери без користење на заштита го зголемува ризикот од сексуално преносливи болести, исто така е важно да се напомене дека клиентот би можел да биде еднакво виновен колку што е давателот на услугата и затоа е важно да се вклучат клиентите во едукација за потребата да се практикува сигурен секс. Особено е важно да се има сеопфатен пристап кон оваа тема со цел да се спречат сексуално преносливи болести.

Сексуалните работници како засегнати страни може да дадат значителен придонес во подигање на свеста за ХИВ / СИДА и да помогнат да се спречи нејзиното ширење. Сексуалното здравје и благосостојбата на сексуалните работници, исто така, се многу важни.

Стигмата и експлоатација на сексуалните работници ќе се сведат на минимум доколку сексуалната работа е признаена како вистинска работа како и секоја друга работа, која има свои предизвици, права и заштита според законот.

Со криминализацијата на сексуалната работа во голем број на земји не може да се создаде безбедна работна средина за сексуалните работници. Крајната цел на криминализацијата на сексуалната работа е да ги спречи сексуалните работници да работат, но единствено што е постигнато е изложување на сексуалните работници на се поголемо насилство, нивно заплашување, малтретирање и експлоатација.

Тоа што двајца возрасни го прават приватно во нивна соба не треба да го интересира Законот. Со декриминализација на сексуалната работа ќе се подобрат условите за работа на сексуалните работници, ќе се намали експлотацијата, ќе им биде полесно да се организираат, ќе се заштитат нивните права и достоинството, ќе се почитува нивниот труд како што заслужува секој работник.

Препознавањето на сексуалната работа и организирањето на сексуалните работници како дел на активистичкото движење на работниците е од особено значење за оваа заедница. Сексуалните работници треба да се организират и приклучуваат кон работничките синдикати, а тие пак треба да ги прифатат како членови како и секој друг работник и да ги задоволат нивните потреби и барања. Синдикатите имаат должност да ги заштитат правата на сексуалните работници и да бидат подготвени за организирање на оваа неискористен членство.

Сексуалните работници најчесто работат со макроа во опасни услови, и им треба заштита од опасни клиенти, од полицијата па дури и од поширокото општество.

Организирање на сексуалните работници, исто така, ќе им даде можност да ги изградат своите капацитети и да преговараат со лицата за услугите кои ги даваат, и да ги поттикне да го направат вистинскиот избор или барем да им се даде шанса да имаат избор. Никој не треба да бидат принуден да работи како сексуален работник; оваа работа треба да биде доброволна.

Многу жени и мажи избрале да се занимаваат со оваа работа со цел да ја преживеат бруталната економија. Тоа е исто како што голем број на жени и мажи избираат да влезат во брак и да имаат договорени сексулани односи за да добијат зелена карта или виза. Еден договор помеѓу двајца возрасни на никој не му штети и треба да се почитува.

Сите треба да застанеме против принудената работа, било која работа која е принудена вклучувајќи ја и сексуалната работа треба да се осуди. Лицата кои ја избрале сексуалната работа како своја професија без разлика дали од економски причини или затоа што тоа го сакаат и уживаат, треба да се почитуваат и заштитуваат, а не да се сожалуваат.

Организирањето на сексуалните работници и нивното вклучување во актистичкото движење на сите работници не е за нивна промоција или промоција на нивните услуги, туку за заштита на нивните права кои по свој избор ја работат сексуалната работа.

Работничките синдикати не смеат и не требаат да ја декриминализираат ова категорија на работници. Сите работници на светот треба да се здружат во борбата против насилството, ропството, експлотацијата без разлика на нивниот статус, класа, боја и пол.




# Феминистките ги отфрлаат сексуалните работници, сметаат дека нивната сексуалност не се вклопува во нивната „прифатлива” верзија за секс

*„Сексуалната работа и дава право на жената да си ги избере работните часови, цената на услугите, да избере дали сака да работи самостојно или со некоја посредувачка агенција, што во суштина е против верувањата и залагањата на патријахатот “, вели Енди, позната на своите клиенти како „Диско гради”, во едно нејзино неодмна објавено видео. Енди е „феминистичка” сексуална работничка.*

Мнозинството феминистки сметаат дека сексуалната работа е „анти-феминистичка” и целосно ги исклучуваат сексуалните работници од нивната идеологија за феминизмот. Може да се каже дека нивната „борба со проституцијата“ трае со векови.

Голем број феминистички организации низ цел свет водат кампањи против сексуалната работа. „Проституцијата е платено силување”, тврди Мелиса Фарли, која од 1990-тите се бори против сексуалните работници и работи во Demand Abolition. Во моментов изработува извештаи за организации за борба против сексуалната работа, со цел искоренување на оваа професија. Додека жените како Фарли имаат намера да ја прекинат сексуалната „објективизација” на жените, тие ненамерно ги вртат жените едни против други. Но, сосема погрешиле за жените кои ја избрале сексуалната работа како своја професија со тоа што ги нарекуваат жртви. Сетете се, не сите сексуални работници се жртви на трговија со луѓе. Многу од нив се одлучуваат да ја работат оваа работа по свој избор, и воопшто не се се принудени.

Многу феминистки силно веруваат дека сексуалната работа е деградирачка. Според нив, тоа се жени кои се облекуваат вулгарно и немаат никаква самопочит. Многу често, овие „феминистки“ знаат јавно да ги посрамотат жените кои работат како сексуални работнички.

Оваа верзија на феминизам ми е сосема неоправдана и би сакала да ви објаснам зошто. Живеам во општество, каде што сакам како и секој друг да излезам во петок навечер, да се опијанам и да завршам со некој Мистер Рандом во кревет. Но,

еве го проблемот: Заборавам да понесам заштита, и имам секс без кондом, секако доколку Господин Х не носи со себе. Како општество, би рекла ОК е, на секому би можело тоа да му се случи на крајот на денот. Нели?

Но, ако отидам во хотел, го сретнам Мистер Рандом во било кој дел од денот, и поминам со него неколку часови на задоволство, секако „заштитени" и на крајот да бидам платена за тоа, веднаш ќе се прошират гласини, дека работам како проститутка, која го продава своето тело за пари!

Но, ако размислиш пологично, јас сум позаштитена во вториот случај. Го знам името на Мистер Рандом, неговиот број, и се наоѓам во хотел, опкружена со повеќе луѓе. Тотално сум свесна што правам, и имам целосна слобода да кажам ДА или НЕ. И се е тоа ОК, додека не се инволвираат парите, тогаш взаемното задоволство се стигматизира.

Феминистките сметаат дека сексуалната работа е штетна и срамна сама по себе. Но, тоа што е посрамно е социјалното изолирање на оние кои сакаат да си го продаваат своето тело за пари. Тоа што е уште пострашно е да тераш некој да ја чува својата професија во тајност а тоа, драги мои, претставува измама! Со отфрлање на сексуалните работници, спротивставувајќи им се на нивните слободни избори, и правејќи претпоставки за нив и нивните интелектуални и политички стандарди, на некој начин се врши систематско виктимизирање на сексуалните работници. А не е ли тоа против кое феминистките се борат?

Иронично е како феминистките ги отфрлаат сексуалните работници, бидејќи ја изразуваат својата сексуалност на начин кој не се вклопува во нивната „прифатлива" верзија на сексот. „Вашето тело не им припаѓа на мажите!", велат феминистките. Последен пат кога проверив, со имањето секс не го подарувам моето тело на мажот, туку тоа е само уште еден начин да го користам моето сопствено тело за да заработам како што тоа го прават сите други. Што не е во ред со тоа, тогаш?

Сексуалната работа, кога е по своја желба и согласност, е сè друго освен анти-феминистичко. Сексуалните работници не одат наоколу со подигнато знаме со зборовите: „Користете го моето тело кога и како сакате, затоа што навистина не сакам да бидам третирана како човечко суштество". Тоа е само уште една работа, и без оглед на околностите под кои една жена избира да влезе во секс индустријата, не треба да и се скрши достоинството. Наместо да биде обележана како жртва, треба да се чувствува сигурна и исполнета со нејзиниот избор.




Да, ние мора да го браниме правото на жената да каже „не", но што е со нејзиното право да се каже „да"? Можете да бидете феминистка и да уживате во вниманието на мажите. Можете да бидете феминистка и да го избричите целото тело. Но, пред сè, можете да бидете феминистка и да бидете сексуална работничка!

„Крајно време е, ние како жени да престанеме да поставуваме нереални идеологии под изговор на феминизмот и да почнеме да ги прифаќаме, како и да ги охрабруваме жените од сите сфери на животот. И што е најважно, престанете да ги судите другите жени за нивните слободни избори!" вели Енди.



# Зошто сексуалните работници немаат пристап до револуционерната Трувада?

Еден свеж есенски ден во 2013-та година, Каспер, квир уметник кој сака да носи темно црвен кармин, ја посетува клиниката во Бруклин за рутински ХИВ-тест. Каспер се преселил во Њујорк речиси две години пред тоа, откако дипломирал на елитниот универзитет за либерални уметности на Источниот Брег. Тој започнува да ја работи сексуалната работа случајно запознавајќи клиенти преку Гриндер и Креглист и оттогаш тоа му е единствениот начин на заработувачка. За време на неговата посета во клиниката, воопшто не се чувствувал слободно дека треба да открие со што се занимава и да одговори на прашањата за проценка на ризици, но сепак имал некои свои прашања што сакал да ги постави.

Неколку месеци претходно, Каспер видел пораки на својот Фејсбук профил од некои негови геј пријатели за пилула која, доколку се зема секој ден може да заштити здрав човек да се зарази од ХИВ. Како и многу млади хомосексуалци кои растеле во средината на 90-тите години, кај Каспер се појавил длабок страв од ХИВ и поради тоа секогаш практикувал безбеден секс.  Пилула која може да ја елиминира заканата од инфекција му звучела како чудо, со оглед на тоа што неговата работа го изложува на поголем ризик од пренос на ХИВ вирусот.

(Статистика за ХИВ преваленцата помеѓу сексуалните работници тешко може да се направи со оглед на тоа што сексуалната работа е криминализирана и стигматизирана и многу потешко може да се стигне до нив).

Првиот клиент на Каспер кој го имал во Њујорк, му понудил повеќе пари за секс без кондом. Го одбил, меѓутоа се повеќе клиенти барале од него да имаат незаштитен секс. Затоа се заинтересирал за оваа пилула која би можела да го заштити, а истовремено и да заработи повеќе. Стрејт луѓето најчесто не користат заштита, си помисли, и почувствува дека и тој ги има истите права со неговите партнери и клиенти. Откако му земале примерок од урина и му направиле ХИВ тест, Каспер побарал да добие рецепта за ХИВ профилакса, иако не знаел како точно се изговара. Меѓутоа добил само збунет поглед и одговор дека таков лек не постои. „Нема шанси, такво нешто не постои“, му рекло медицинското лице, при тоа само го советувал дека најдобро е да користи кондоми.

Но оваа таблета е реална. Пред повеќе од една година Администрацијата за храна и лекови ја одобри употреба на Труватата за заштита на поединци изложени на висок ризик од ХИВ

инфекција, позната уште и како ПРЕП (пред-експозициона профилакса).

Повеќе студии направени за МСМ популацијата (мажи кои имаат секс со мажи) покажаа дека доколку Трувадата се зема секој ден, истата може да биде 99 проценти ефикасна во спречување на ХИВ вирусот. Првенствено Трувадата се продавала помеѓу геј мажите како заштита и прифаќање на секс без страв. Се почесто се прават медиумски кампањи за јавно здравје кои се фокусирани на богатата геј популација, и се прават напори да се стигне до сексуалните работници како Каспер, но истите сега за сега не вродиле со никаков успех  и се сметаат како непотребни.








# Сексуалните работници преку театарот се борат за декриминализација на сексуалната работа

Како и многу девојки, така и Бет сонувала еден ден да стане актерка. Но, како кај повеќето така и нејзиниот живот ја одвел во друг правец. Во нејзиниот случај, таа станала сексуална работничка. Причината за ова не биле недостатокот на амбиција и талент, туку бруталните закони во сопствената земја.

“Се запишав во школа за драма”, вели таа. “Откако завршив, сексуалната работа беше единственото нешто што ми помогна да ги платам долговите. Потоа полицијата изврши рација во борделот каде што работев, и добив криминално досие кое остави црна дамка во мојот приватен и професинален живот. “

Сепак, Бет добила шанса да застане на тетарската сцена во Лондон. Таа сега е дел од една драма “Види ме сега“, во која играат група на сегашни и поранешни сексуални работници во која зборуваат за своите животни приказни.

“Јас воопшто не сакам да бидам на сцена и да зборувам за тоа што ми се случило”, вели Бет. “Ова го правам со причина. Јас сум по природа затворена личност, но оваа приказна мора да биде раскажана.”

Во театарската претстава “Види ме сега“ се раскажуваат повеќе приказни од изведувачи кои доаѓаат од различни средини: отворена, затворена сцена и независни сексуални работници. Некои од нив ја работат само сексуалната работа како единствена работа за егзистеницијa, некои пак имаат и втора работа. Изведувачите се мажи, жени и трансродни лица. Сепак, одредени искуства ги соединува сите нив кои имаат јасна порака што сакаат да им ја пренесат на јавноста.

“Ние сите сме многу различни, имаме различни животни искуства, но сите се согласуваме во едно нешто – сакаме декриминализација... Повеќето од нас имале негативни искуства со полицијата.” – вели Бет.

Сексуалната работа во Велика Британија е легална, меѓутоа сите активности поврзани со неа, како на пример работење со пријател (ова спаѓа во бордели) или посредување на сексуални услуги се нелегални. Ваквата законска рамка негативно влијае врз работата на сексуалните работници.

Сите изведувачи на оваа претстава работат под делумна криминализација. Поради лошите закони





тие сметаат дека поддршката за сексуалните работници во вакви услови е од големо значење за нивната иднина.

“Ова е можност за луѓето да избегаат од сите стереотипи околу сексуалната работа кои обично се екстремни и не претставува сите”, вели Бет. “Не е сѐ негативно, но не е ни сѐ позитивно”.

Некои приказни во тетарската претстава се смешни, некои тажни, но имаат една заедничка цел, а тоа е да се слушне гласот на сексуалните работници. Да се слушне за нивните проблеми со кои тие секојдневно се соочуваат.

“Навистина е голема привилегија да стекнеш доверба кај сексуалните работници. Научив многу за нивните односи и сексуалноста преку нивните лични приказни”, вели Моли Тејлор, текстописецот на претставата. “На крајот на претставата, верувам дека публиката ќе има чувство како да имале посебен разговор со некој што не го знае.”

“Откако ќе заврши претставата, сакам публиката да си отиде знаејќи дека на оваа професија и е потребна декриминализација”, вели Бет. “Мојот сон претходно беше да станам актерка, но сега ова е мојот сон.”





# Griselidis — Грисeлидис Марсел Реал – Писателка и револуционерна активистка за правата на сексуалните работници

Иако звучи како псевдоним, сепак Грисеалидис Реал е вистинското име на оваа уникатна жена, која истовременено била талентиран писател и сексуален работник.

Грисеалидис е родена во Лозано, и потекнува од големо почитувано семејство. Нејзините родители биле учители. Таа го поминала своето детство во Александрија, а потоа во Атина, каде што работел нејзиниот татко. Како студентка се вратила да живее во Швајцарија, и студирала уметност на школата за декоративни уметности во Цирих. Во меѓувреме посетувала и часови по класично пијано.

Откако завршила со студиите, Реал започнала да работи како модел на артисти, позирајќи гола за голем број на сликари и скулптори. При тоа, се омажила за еден од артистите и родила два сина. Меѓутоа нејзиниот брак бил неуспешен, па набрзо се развела и се преселила да живее во Германија. Почнала да работи како сексуален работник на почетокот на шеесеттите години. Еден ден, кога се движела низ селата, еден возач застанал и ѝ предложил пари за секс во задниот дел од автомобилот. Тоа била нејзината прва професионална работа како сексуален работник.

Германија, во тоа време, била преполна со окупациски трупи од повеќе земји. Бидејќи познавала повеќе јазици, воопшто не и било проблем да биде со мажи од различни националности. Најмногу ги сакала Британците кои ги нарекувала „вистински господа” и Американците, особено црните мажи, од кои со еден подоцна се омажила. Почнала да живее со својот нов љубовник, од кого имала уште две деца.

Во нејзината прва книга Le noir est une couleur (Black is a color), таа ја раскажува својата приказна на искрен начин со темни лириски тонови кои ги добила од сопственото животно искуство.

Во текот на седумдесеттите години, Реал станала голем активист за сексуалните работници, особено во 1973 година, за време на окупацијата на Шапел Сен Бернар во Париз. Тоа бил нејзиниот прв протест заедно со нејзините сестри, како што ги нарекувала своите колешки, во одбрана на нивните човекови права против бруталните напади од страна на полицијата и макроата. Таа станува позната како „Револуционерната курва“ која помогнала во основање на првото здружение за поддршка на сексуалните работници - Aspasie. Во својот мал



дом во Женева, формирала и Меѓународен центар за документација на сексуалната работа, кој до ден денес го користат многубројни социолози и истражувачи како референтен извор.

Реал пишувала и дневник, во кој го опишувала секој свој клиент и секое свое искуство како сексуален работник. Нејзиниот дневник резултирал со нејзината книга објавена во 1984 година - Carnet de bal d'une courtisane "A Courtesan's Dance Card". Во 1992 година, ја има објавено La Passe imaginaire, компилација на писма испратени до нејзиниот пријател Жан-Лук Хениг.

Паралелно со нејзината политичка борба, Реал развила позитивна визија за она што го нарекува „Уметност, хуманизам и наука". При тоа наведува дека дека сексуалната работа треба да биде избор, одлука со слободна волја. Во предговорот на нејзината книга A Courtesan's Dance Card која била препечатена во 2005 година, Реал ја нарекува проституцијата „уметност и хуманистичка наука", велејќи:

„Единствената автентична проституција е онаа која ја владеат големите уметници и перфекционисти и кои ја практикуваат оваа работа со интелигенција, почит, фантазија, срце, искуство и подготвеност".

Реал престанала да работи како сексуален работник во 1995 година, на 66 годишна возраст. Починала од рак во 2005 година. На 9 март 2009 година, оваа револуцинерна активистка била ексхумирана и погребана на престижните гробишта во Женева, каде што почиваат големи и славни личности.



# Занимливости



# Четирите најпознати жени низ историјата кои давале сексуални услуги

*Овие четири познати жени во одреден дел од својот живот давале сексуални услуги за уживање на мажите во замена за пари. Нивните животни приказни имале различни почетоци и различни краеви, доаѓале од различни делови на светот, но сите тие го заслужиле своето место во историјата...*

## Лаура Бел

**• Од сексуален работник до проповедник**

Лаура Бел (1829-1894) се прославила поради нејзината убавина, духовитост и интелигенција кога започнала да работи и да нуди сексуални услуги на високата класа во Даблин уште во нејзините тинејџерски години.

Таа се преселила во Лондон, каде што ги минувала деновите возејќи се околу Хајд Парк во златна кочија влечена од два бели коњи додека ги забавувала војводите и богатите благородници.

Во 1853 година, Лора стапила во брак со капетан Фредерик Тхистлетвајт, а за време на нивниот брак таа минала низ драматична промена на верата, трансформирајќи се од “Кралицата на Лондонските блудници” во евангелистички проповедник. Таа се посветла на сиромашните и одржувала евангелски чајанки во нејзиниот дом за високата класа. Многумина се собирале само да ја слушаат како зборува за нејзиниот живот и за работата.



## Мата Хари

**• Егзотична танчарка и егзекутирана куртизана**



На свои осумнаесет години, убавата и невообичаено високата Маргарета Зеле (1876-1917) се омажила со маж дваесет и две години постар од неа, кого го запознала преку реклама “осамени срца” во весник . Бракот брзо се влошил поради неверства, злоупотреба и алкохолизам од страна на нејзиниот сопруг.

Маргарета решила да се разведе од својот сопруг, но, при битката за развод таа останала без својата ќерка, без пари и со извалкано име. Започнала да се занимава со проституција за да може да собере доволно пари за пат до Париз, каде што пак ја започнала својата кариера како егзотична танчарка.

Маргарета за многу кратко време станала вистинска сензација. Танцувала речиси сосема гола, на себеси носела само еден мал позлатен градник. Со нејзината убавина, заедно со нејзините елаборантно фабрикувани приказни за нејзиното минато, ги привлекувала сите мажи кои се собирале од целиот Париз за да ја видат. Таа брзо се прославила во Шпанија, Монте Карло и Германија.

Нејзината кариера почнала да исчезнува со доаѓањето на помлади и поталентирани девојки кои го работеле истото, па подоцна таа станала куртизана од висока класа. Таа била една од најплатените во Европа во тоа време, и со која уживале многу богати војводи, господари, и маркизи. За жал, Маргарета била осудена за шпионажа, а потоа била затворена и егзекутирана со стрелање на 14 октомври 1917.

## Барбара Пајтон

**• Од сирена на телевизиските екрани до девојка која нудела сексуални услуги на улица**



Убава, со сини очи и руса коса, Барбара Пејтон (1927-1967) ја започнала својата кариера како модел, појавувајќи се на страниците на многу познати модни списанија. Таа започнала со актерството во Холивуд во 1949 година и бргу станала позната ѕвезда во филмот “Kiss Tomorrow Goodbye”, и своето време заработувала по 10.000 долари неделно.

Барбара продолжила да се појавува на сребрениот екран до 1963 година, но во тоа време нејзиниот углед бил уништен поради нејзините многубројни љубовни врски со оженети мажи, несовесно забавување и прекумерно пиење. Таа, исто така обидела да се самоубие со предозирање со апчиња за спиење.

Барбара имала тешка, четири-годишна врска со актерот Том Нил, кој бил познат како насилник и кои

имал претепано еден од љубовниците на Пајтон речиси до смрт.

Во последните години од нејзиниот живот, Пајтон била редовно апсена за проституција, јавно пијанство, ситни кражби и дрога.
Пајтон се преселила назад во куќата на нејзините родители во 1967 година, а подоцна истата година починала од срцев удар во бањата.

## Ла Чичолина

• **Од порно актерка до позната политичарка**



Ана Илона Стакер, попозната како Ла Чичолина, ја започнала својата порно кариера во 1970-те.

Во 1987 година била избрана како член на италијанскиот парламент. А останала на функција како член на Радикалната партија до 1991 година, за кое време таа продолжила да снима порно филмови и се понудила да има секс со Садам Хусеин и Осама бин Ладен, за замена на заложници и мир на блискиот исток.

Ниту Хусеин, ниту бин Ладен не ја прифатиле понудата.





# Најплатените ескорт дами на светот

Повеќето дами придружнички станаа доста популарни низ медиумите бидејќи многу од нив станаа селебрити, со оглед на тоа дека им биле придружба на популарните пејачи, спортисти, јавни личности, политичари...

Многу од девојките кои работат како ескорт дами пишуваат и мемоари за својот живот и за интимните работи во својата работа. Една поранешна "придружничка" која неодамна објави дека пишува книга, мемоари, заврши трагично и беше фрлена од прозорецот на својот стан, очигледно поради стравот да не бидат издадени имињата на некои од нејзините познати клиенти. Нивната цена за "вечера и забава" варира во зависност од многу фактори.



## 10. Захија Дехар - Zahia Dehar

### 1.200 долари за една ноќ

Захија е речиси клон на Барби. Нејзината заработка изнесува 32.000 долари месечно. Станува збор за "кукла" која преферира да го има вниманието од еден или двајца обожаватели отколку да биде класична професионална придружба.



## 9. Лоредана Џоли - Loredana Jolie

2.000 долари

Лоредана Џоли е една од девојките со кои излегуваше Тајгер Вудс. Таа тврди дека во една прилика добила 15.000 долари, а тоа е најмногу од сите мажи со кои била. Меѓутоа без да закажете состанок со неа, таа приказна не може да се провери.



## 8. Џаст Касандра - Just Kassandra

3.000 долари

Џаст Касандра излегува само со исклучителни клиенти. Таа прво сака да се запознае лично со нив па потоа да склучи конкретен договор. Сака да патува, па соодветно со тоа ги одбира и клиентите кои можат да и пружат луксузни патувања.



## 7. Ешли Дупри - Ashley Dupre

### 4.300 долари

Пред да биде уапсен, американскиот гувернер Елиот Спајсер имал афера со девојка чиј надимак е Кирстен, која ја запознал во ВИП клубот “Emporer”. Клубот од Спајсер за шест месеци добил 15.000 долари. Всушност подоцна откривме дека тој платил сума од над 80.000 долари за придружба, откако беше именуван за државен обвинител, а подоцна и гувернер на Њујорк.



## 6. Мис Маја Блу - Ms Maya Blue

### 4.500 долари

Маја Блу има свој сајт со фото галерии, како цени и услуги кои таа ги нуди. Станала популарна на тој начин што нејзините клиенти ширеле гласини за неа на интернет форумите и при тоа ги споделувале нејзините фотографии и услуги.



## 5. Ава Сиан - Ava Si'an

### 6.500 долари

Ава Сиан, поранешен агент за недвижности во Њујорк, иако немала намера да се занимава како ескорт дама, сепак поради сиромаштијата се одлучила да го работи токму ова. Откако нејзиниот татко се разболел, а притоа немал здравствено осигурување и операцијата која требал да ја прави била премногу скапа, а тие вне можеле да си ја платат.

Ава помислила дека таа би можела да заработува многу повеќе, доколку почне да се забавува со своите богати клиенти на кои им покажувала куќите. Набрзо почнала да заработува 45.000 долери неделно и била во можност да му помогне на својот татко да се оперира.



## 4. Натали Меклинан - Natalie Mclennan

### 16.000 долари

Натали Меклинан некогаш беше позната како "Numero Uno" во Њујорк. Таа неколку пати била апсена за сериозна сума на перени пари и и за основање на  организација на девојки кои нуделе сексуални услуги. За својата работа и својот живот има објавено и книга. Како што пренесува медиумскиот печат од Њујорк, заработувала дури до 2 илјади долари на час.



## 3. Лорин - Lorin

### 24.000 долари

Лорин заработувала дури и 24.000 долари за една ноќ, и за неа се зборува дека била омилена во високите кругови. Била позната по својот шарм и смислата за хумор како и невообичаените вештини во нејзината професија како ескорт дама.



## 2. Канска Убавица

### 40.000 долари

Од љубителите на Канскиот Филмски фестивал, кои се собираат секоја година во овој град од сите делови на светот, Јужна Франција, Шпанија, Италија, некои од нив можат да заработат дури и 40.000 долари до ноќ. Убавиците се шетаат по ресторанте, хотелските лобија, марините и слични места на кои доаѓаат нивните клиенти кои се во можност да платат многу за услугите кои ги нудат овие девојки. Најскапите придружнички најчесто имаат претходно закажано состаноци па не мораат ни да ја напуштат хотелската соба, туку само си ги пречекуваат своите гости.



## 1. Мишел Браун - Michelle Brown

50.000 долари

Мишел Браун е успешна бизнис жена како ескорт дама и како сопственичка на агенција за девојки-придружнички. Таа всушност, и ја преземала клиентелата на Хајди Руно, кога била осудена на затворска казна. Мишел е позната по тоа што му испраќала придружнички на Тајгер Вудс. Се зборува дека славниот голфер за "тројката" која траела подолго од една ноќ, платил 60.000 долари. Меѓутоа, Мишел била приморана да ја затвори агенцијата. Не се знае дали се уште се занимава со ескорт, бидејќи постојано има проблеми со полицијата.



# Клиентите откриваат: Кога и зошто ги користат услугите на сексуалните работници?

Според одредени истражувања услугите од сексуалните работнички ги користат клиенти мажи на возраст од 25 до 34 години.

Никогаш не било полесно за мажите да дојдат до секс, бидејќи повеќето попрво би платиле за сексуална услуга од девојките отколку да се впуштат во „барање“.

Статистика:

Минатата година се објавени резултати од едно истражување кое покажало дека во Велика Британија еден од десет мажи би платиле за сексуална услуга.

Во резултатите од истражувањето објавено во списанието Sexually Transmitted Infections, стои и податокот дека клиентите кои сакаат да ги уживаат услугите кои ги нудат сексуалните работнички се најчесто на возраст помеѓу 25 и 34 години.

Која е причината за барање услуги од сексуални работници?

Голем број мажи кои зад себе имале поголем број на сексуални партнери од кои дел се сексуалните работнички, велат дека уживањето во сексуалните услуги не се вклопува во стереотипите за „стари и осамени“ мажи.

Меѓутоа, доколку мажите не сакаат емоционално да се врзат, најчесто плаќаат за сексуалните услуги. Но зошто во време кога во светот владеат врски за само една ноќ, повремени комбинации, пријателски секс, кога може да се најде партнер расположен само за ваков тип на дружење, сеуште плаќаат за сексуална услуга од сексуалните работнички?

Минатата година британскиот магазин Космополитен го објави објаснувањето на овој феномен, причината зошто повеќето мажи ги користат услугите на

сексуалните работнички. Следниве изјави се дел од повеќето наведени причини:

„Спијам со ескорт дами за време на моите деловни патувања“, изјавил еден од испитаниците при тоа дал појаснување на својата причина. „Со таквите девојки доживувам краткорочно задоволство, но ми се допаѓа и недостатокот од емотивната вклученост и фактот дека тука не станува збор за неверство или измама. Јас го сакам сексот. Таа сака пари. Доколку и двајцата уживаме на патот да ги оствариме своите желби - уште подобро, на никому не штетиме.“

„Ангажирав сексуална работничка заедно со мојата девојка“ – признава уште еден маж кој открива дека неговата девојка е бивша стриптизета и е навистина слободна кога станува збор за сексот, па затоа одлучила и на овој начин да се забавува. „Задоволството е една од повеќето причини зошто повикавме сексуална работничка“.





# Сексуалните работнички зборуваат за својот љубовен живот

Никогаш не било полесно за мажите да дојдат Тешко е да со постигне рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот, во било која област и да работите. Но, кога таа област подразбира секс, таква рамнотежа е уште потешко да се пронајде. Од првите излегувања, па се до долготрајни врски, постои ли воопшто вистински момент на вашиот сексуален партнер да му соопштите дека исто така имате секс и за пари?

Кога работев за прв пат како стриптизета, потполно престанав да се забавувам со луѓето. Продавање разни идеи за секс на мажите секоја ноќ, едноставно ми ја згади секоја интима. Долго потоа откако престанав да танцувам, се запознавав со мажи кои беа опседнати со фактот дека сум се соблекувала за пари кога сум имала 18 години. Делуваа разочарано од мене и таа информација на некој чуден начин ги возбудуваше.

Но како е кога луѓето имаат секс и за пари и од задоволство? Разговарав со сексуални работници од различни области на оваа професија во врска со нивниот љубовен живот.

## „Најдобрата врска која до сега сум ја имала е со друг сексуален работник“.

Два одговора кои најчесто ги добивам од потенцијалните кандидати за забавување се: „Не, затоа што си сексуална работничка“, и „Да, затоа што си сексуална работничка“. Никогаш не сум им била важна јас како личност. Потполно разбирам кога не можат да се носат со таа информација, но тогаш, имаат и желби да испробуваат некои нови работи во сексот, а ако тоа е единствена причина за која што сакаат да излегуваат со мене, тогаш подобро и нека ме заборават.

Мојата последна врска траеше два и пол месеци. Ќе ме прашаше како ми поминал денот, а јас не сакав да зборувам за тоа. Тоа е затоа што нудам интимни делови од себе со непознат човек, а не сакав мојот дечко да помисли дека не ме добива вистинската мене. Работата е во тоа што навистина уживам во својата работа - ја обожавам! Доживувам оргазам секој пат. Тоа е сјајно, но затоа не се отворам целосно, бидејќи не сакам моите партнери да бидат љубоморни.

Најдобрата врска која што некогаш сум ја имала е со друг сексуален работник. Беше сјајно. Бевме страшно опуштени еден со друг и можевме да зборуваме за сè. Се сеќавам на една прилика во ресторан кога еден пар, кој седеше на соседната маса, зборуваа за тоа како го поминале денот - понуди за работа, презентации, и слично - тогаш јас го прашав партнерот како го поминал својот ден. Си ги раскажавме искуствата со клиентите и се смеевме на глас. Единствена причина што не ни успеа врската е тоа што јас имам деца, а тој беше прилично помлад од мене. Немаше никаква врска со нашата професија.

Мислам дека некои сексуални работници умеат да бидат претерано наивни кога се обидуваат да најдат партнер, така што кога на крај ќе успееме да најдеме некој, понекогаш и трпиме повеќе од тоа што би требало. Веројатно тоа е причината што одлучив да останам сама - преголемо малтретирање.

## „Жените со кои што излегувам, веднаш претпоставуваат дека сум неуморна секс машина“.

Јас сум машки сексуален работник, специјализиран за свесни перверзии и еротски ритуали. Луѓето се воглавно возбудени кога маж е успешен сексуален работник. Жените со кои што излегувам, веднаш претпоставуваат дека сум неуморна секс машина, а јас сум всушност една прилично нежна душа. Една девојка со која што излегував, мислеше дека се шегувам со нејзе, се додека не и го покажав мојот веб-сајт.

Сега сум во долготрајна врска. Мојата партнерка знаеше да се изнервира кога ќе добиев порака и во последен момент ќе морав да ги откажам плановите, но престанав тоа да го правам за да избегнам конфликт, така што прифаќав само закажување однапред.

Не ги лажам луѓето со кои што се забавувам, но цело време ги лажам останатите луѓе - продавачи, таксисти, келнери и сите останати кои ме прашуваат со што се занимавам во животот. Тоа го правам за да избегнам долги разговори кои сум ги водел милион пати, а не поради срам. Кога си машки сексуален работник, не си премногу дискриминиран за разлика од женските секусални работнички. Луѓето мислат дека знаат како изгледа да излегуваш со сексуален работник - очекуваат болести, дроги и омраза спрема самите себе си. Од моето искуство, вистината е потполно спротивна.

## „Еден пијан, ме запроси една ноќ во дворот на хотелот“.

Имав само две врски откако наполнив 21 година. Првата се случи кога правев пауза од работа, но кога му соопштив дека порано сум го работела тоа, партнерот прилично се вознемири. Го спомнуваше тоа секој пат кога ќе се скаравме, велеше дека не може да ми верува - до таа мера што ми ги проверуваше телефонските разговори и мејловите. Раскинавме поради тоа што тој сакаше семејство, а јас сеуште не бев подготвена.



Кога се вратив назад на својата професија, немав желба да стапам во нова врска. А тогаш, еден ден се запознав со нов клиент кој ми се допадна. Беше духовит и симпатичен. Беше на моја возраст и доаѓаше во дворот на хотелот каде што работев. На пијано, ме запроси една ноќ пред сите колешки со кои што работев и пред мојот газда. Наеднаш исчезна во период од една година и дури тогаш сфатив колку многу ми се допаѓа. Конечно, ми се јави повторно. Имавме сесија, излеговме на вечера и сега сме заедно веќе една година. Знае да биде комплицирано кога станува збор за доверба. Се прашувам дали ќе отиде кај друга сексуална работничка, но очигледно и тој знае да биде љубоморен на мене од време на време. Сепак, мислам дека функционираме добро заедно, затоа што двајцата видовме како изгледа кога сме најранливи, така што меѓу нас постои меѓусебно почитување. Меѓутоа, кога ќе не прашаат луѓето како сме се запознале, им раскажуваме некоја обична и досадна приказна.

## „Првите неколку месеци од врската, лажев за тоа што го работев".

Работам полно работно време како сексуална работничка, но не го споделувам тоа со никого кога се запознавам. Лажев во првите неколку месеци од врската за тоа што го работам. Мразам да зборувам за тоа на нови луѓе кои често ги запознавам. Луѓето премногу осудуваат и сметаат дека луѓето со кои што излегувам не заслужуваат да знаат толку интимни детали за мене.

Споделував за мојата работа со мојот сегашен дечко, меѓутоа постепено. Најпрво, му реков дека тоа го имам работено порано, потоа конечно му признав дека тоа сеуште го работам и дека нема да престанам за било кој. Страшно многу го потресе тоа што сум го лажела и морав да се иселам од куќата на неколку дена. Подоцна, кога двајцата се исплакавме и имавме доволно време да размислиме за сè, тој сфати дека тоа и не е некоја голема работа. Тоа е само професија и не го менува тоа што сум јас како личност.

## „Ми рече дека тоа го правам само за да привлечам внимание."

Скоро секој маж со кој што излегував, лошо реагираше на информацијата дека работам како сексуална работничка. Често настапува шок, после кој доаѓа до изненадно преиспитување на се што до тогаш мислеле за мене. Имаше дечковци кои што избувнуваа и ме прашуваа што е најодвратното нешто што некогаш сум го направила - како да на работа ме присилуваат да правам одвратни работи. Други, реагираат сосема нормално, но по некое време никогаш не се јавуваат. Еден дечко со кој излегував, постојано се грижеше дека од мене ќе добие ХИВ и сексуално преносливи болести, со што сфатив колку луѓето малку знаат за оваа професија. Друг дечко, ми рече дека тоа го правам само за да привлечам внимание на себе и дека е фаза која ќе помине.

Кога мојата последна врска стана сериозна, одлучив да се вработам како келнер и да се воздржам од сексуалната професија на некое време. Сфатив дека не можам да бидам емотивно врзан за него ако не ја одобрува професијата со која што се занимавам. Тоа е компромис и во некој либерално, образован свет претпоставувам дека би сретнувал повеќе мажи кои би ме прифатиле во пакет со тоа со што се занимавам.

## „Мојот бивши ме игнорираше два дена".

Не се впуштам во врски со мажи затоа што ми е премногу тешко да ги лажам, а на ниту еден маж не би можела да му ја кажам вистината. Еднаш, на мојот поранешен дечко му реков дека во минатото имам работено како сексуална работничка и ме игнорираше два дена додека да одлучи дали сака да продолижи со нашата врска. Во тој период, бев скршена и загрижена дека тоа би значело крај на нашата врска. Ме преиспитуваше што се сум работела и со колку клиенти сум била и дали тоа сум го работела додека сме биле заедно. Бев усрамена и растроена. Од тогаш, неколку пати се забавував и имав кратки и минливи врски, но и понатаму ми е тешко да лажам луѓе. Мразам што водам двоен живот, но не се доверувам ни на своите најблиски пријатели поради тоа што се плашам дека ќе ме осудуваат.



# Престолнините на “сексот”

*Градовите во кои можете да најдете и добиете секаков вид сексуални услуги и забава, секогаш постоеле низ историјата – од стариот Рим па сè до денешен Шангај.*

*Во 21 век новите градови нудат разни опции и можности за сите оние кои бараат да бидат услужени од некоја девојка. Еве ги тие најпознати престолнини на “сексот“.*



## 10.Берлин, Германија

Во последните неколку години, Берлин стекна репутација на град кој негува разни фетиши. За оние кои сакаат ваков вид на провод постојат безброј темни агли, “рехабилитациони центри”, свингер клубови и клубови. Интересно е тоа што Берлин помеѓу двете светски војни го формирал првиот светски Институт за сексуални науки во кој постоела огромна колекција на порнографија. Проституцијата е легална, а ноќниот живот е исклучително богат каде може да уживате во придружба на некоја девојка.



## 9.Макао, Кина

Тоа што е Лас Вегас во Америка, е Макао во Кина. Овој град го легализирал коцкањето како и проституцијата и така заработува огромни суми на пари. Веќе го надминал Вегас по двојно поголемите приходи кои се добиваат од даноците кои ги плаќаат девојките кои нудат сексуални услиги. Како и во неговиот американски пандан, во овој град проституцијата е легална, но не и сведувањето.



## 8.Манама, Бахреин

Во овој град сместен на Блискиот Исток има многу клубови, а во последно време е популаризирана и проституцијата, иако е сосема илегална. Иако Манама е претежно исламски град, третина од жителите се странци, па културата е значително либелизирана.



## 7.Њу Орлеанс, Луизијана

Овој град уште од 19 век претставува престолнина на музиката, проституцијата, францускате храна и хедонизмот. Денес е мешавина на француска архитектура, порно работилници и барови во кои може да ги исполните своите сексуални фантазии. Проституцијата е легална, а има и долга историја во овој град.



## 6.Москва, Русија

Што се случува кога после деценија рестриктивна власт се отвораат границите на земјата и се ослободува натрупаната енергија во луѓето? Ноќниот живот на Москва е одговорот. Овде можете да најдете разни видови на клубови – од хардкор техно, до рок и транс журки кои ги посетуваат луѓето од цела Европа. Проституцијата е илегална, но казните за неа се воглавно парични. Иако е илегална, сепак има многу девојки кои ја работат сексуалната работа  како и лица кои ги користат нивните сексуални услуги.



## 5.Рио де Женеиро, Бразил

Во митската убавина на Бразил спаѓаат и најубавите жени на светот, а Рио е нивното главно “игралиште”. Од Копакабана до Ипанема во текот на целиот ден можат да се видат дами кои во секое време се спремни да им понудат забава и сексуално уживање на своите клиенти.



## 4.Лас Вегас, Невада

Во Лас Вегас, иако проституцијата технички не е легална, таа е маскирана во облик на таканаречена “услуга за придружба”. Алкохол може да се пие секаде, што во Америка не е практика, а популарни се и стриптиз клубовите во склоп на познатите казина.



## 3.Амстердам, Холандија

Амстердам не само што е познат по опојните билки и улицата на црвените фенери во која работат проститутките, туку и по безбројните сексуални театри. Сите тие активности се сосема легални.



## 2.Тихуана, Мексико

Кога ќе поминете една од најпрометните меѓународни граници на светот, можеби ќе помислите дека сте дошле на Дивиот запад. Овде проституцијата е легална, а постои и нивна “red light district” која се вика “La Coahuila”. Во стриптиз клубовите дозволено е и да се допираат танчарките, а текилата е неверојатно евтина.



## 1.Патаја, Тајланд

Од борделите, познатите тајландски масажи, гоу-гоу баровите, до кабареата со транссексуалци како изведувачи – сè ова е достапно на ова крајбрежно одморалиште. Сексот е активност број еден, и голем број од девојките работат на улица кои потоа своите клиенти го носат до своите “канцеларии”.



# Ковид 19 и сексуалната работа




# СТАР со низа донациски акции за поддршка на сексуалните работнички во време на Ковид 19

СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот непосредно по прогласување на пандемија на светско ниво, едногласно одлучи дека е потребна мобилизација на сите расположливи ресурси со цел да се помогне на сексуалните работници, кои и бездруго се во тешка финансиска состојба, а дополнително се погодени од кризата.

Оваа одлука беше донесена особено поради фактот што сексуалните работници/-чки се исклучени од националните економски мерки, се соочуваат со губење на работните места, драстично намалување на бројот на клиентите, а со тоа и губење на приходите од кои им зависи езгистеницијата.

Затоа СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот започна со добротворна кампања за помош на сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија и преку јавен апел повика на солидарност за финансиска поддршка на сексуалните работници. На донациските акции се приклучија и други здруженија, но и одредени семејства кои ја покажаа својата хуманост и солидарност.

Како резултат на добротворната кампања во периодот од март 2020 до јануари 2021 беа спроведени вкупно 6 хуманитарни акции. Беа донирани основни прехранбени и хигиенски производи, пакети со храна, вегански оброци, детски пакетчиња, но беа донирани и заштитни маски и ракавици со цел да се подобри заштитата на сексуалните работници/-чки од Ковид-19. Во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници, СТАР донираше и новогодишни пакетчиња на оние сексуални работнички кои имаат деца.

СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот и понатаму ќе продолжи со својата хумана мисија и секогаш ќе излегува во пресрет на заедницата која ја претставува, особено во време на најтешките периоди кога треба да се обезбеди егзистенција.


DONATE
FOR
SEX
WORKERS






# Сексуалните работници се изложени на сиромаштија и бездомништво поради Ковид-19 пандемијата

Сексуалните работници се изложени на голем ризик од сиромаштија и бездомништво поради кризната ситуација која го зафати цел свет. Повеќето влади донесоа строги мерки со цел да се ограничи ширењето на Корона вирусот, при што луѓето се советуваат да останат дома и да избегнуваат контакти со други. Токму овие мерки за социјална изолација, ги оставаат сексуалните работници без нивните работни места, и основните приходи кои им се потребни за егзистеницијa.

Ники Адамс, портпарол на англискиот колектив на сексуалните работници (ЕКП), изјави дека пандемијата ги оставила сексуалните работници во многу лоша ситуација.

„Природата на сексуалната работа е да остваруваш блиски контакти со други луѓе. Повеќето сексуални работници се мајки кои работат со цел да ги прехранат своите семејства. Во оваа ситуација сите приходи им се одземени. Луѓето немаат заштеда“.

Таа додава дека, и покрај кризната ситуација, сексуалните работници сепак излегуваат на улица со цел да заработат нешто, но сепак многу често се стопирани од страна на полицијата.

“Местата на кои сексуалните работници одат со цел да заработат, се скриените паркови и индустриските области кои се многу опасни по нивната безбедност. Но сепак сиромаштијата ги тера да работат во неповолни услови. Сексуалните работници треба да бираат помеѓу заработката од која им зависи егзистеницијта и грижата за сопственото здравје. Во ваква ситуација, сексуалните работници се ставаат во ризик, особено оние кои имаат деца“, вели Ники.

Повеќето сексуални работници ќе останат и без своите домови, бидејќи им се заканува иселување од становите, доколку закаснат малку со плаќање на закупот.

Таа наведува пример за жена која работи како сексуална работничка со цел да им помогне на својата деветгодишна ќерка, својот брат со инвалидитет и постара мајка, и која поради пандемијата „Ковид-19“ е оставена во апсолутна бедна ситуација.

Со воведените мерки за заштита од Корона вирусот, на властите им се дава овластување да го приведат секој оној кој го загрозува сопственото или туѓото здравје, и има право да дели санкции, а со тоа

сексуалните работници стравуваат да бидат апсени или казнувани.

Токму поради ова, граѓанските организации, кои работат на заштита на правата сексуалните работници, ги повикуваат владините институции да го воведат законот за декриминализација на сексуалната работа и да им обезбедат на сексуалните работници парична помош за итни случаеви.

Сексуалните работнци не се во можност да пристапат до истата владина поддршка како и сите други, ниту пак ги уживаат работничките права подеднакво, поради дискриминацијата и стигмата со која се соочува оваа маргинализирана група. Оттука, повеќето сексуални работници се ставаат во ризик и продолжуваат да нудат сексуални услуги. Затоа апелираме до владините институции да им дадат безусловна помош и поддршка на сексуалните работници во овие тешки моменти, со цел да го спречиме понатамошното оштетување на сексуалните работници.





# Совети за заштита од КОВИД-19 кај сексуални работници

Пандемијата предизвикана од COVID-19 носи огромни промени и закани како за општата популација, така и за маргинализираните групи. Ние, сексуалните работници се наоѓаме во особено тешка состојба, пред се поради тоа што сме исклучени од националните економски мерки. Како резултат на тоа, сексуалните работници се соочуваат со губење на своите работни места, драстично намалување на клиентите, а со тоа и губење на приходите од кои им зависи езгистеницијата, работа во небезбедни услови, недостаток на финансии за основните потреби како за себе така и за своите семејства, како и немање пристап до здравствени услуги наменети за заедницата, поради тоа што повеќето здруженија кои им пружаат помош на сексуалните работници ги имаат намалено своите активности или пак се целосно затворени поради пандемијата.

Како една од мерките за заштита од Корона вирусот е социјалното дистанцирање, сепак оваа превентивна мерка претставува голем предизвик за сексуалните работници. Токму, социјалното дистанцирање ги спречува сексуалните работници да работат, а со тоа не можат да си ги обезбедат основните потреби за нормално живеење, како што се храна, лекови, грижата за децата и домот, изнајмување на станови/апартмани за работа и сл. И покрај тоа што се пепорачува социјална дистанцираност додека владее пандемијата, голем број на сексуални работници се одлучуваат да преземат сопствен ризик и да продолжат да работат и да нудат сексуални услуги, бидејќи тоа е единствениот начин на кој заработуваат и од кои зависат цели семејства.

Со цел да го минимализираме ризикот од пренос на КОВИД-19 кај сексуалните работници, кај оние кои сепак се одлучиле да продолжат да работат во овие небезбедни услови, споделуваме документ за намалување на штети кај сексуални работници кој се содржи од:

– Упатство за заштита од КОВИД-19;

– Протокол за заштита од КОВИД-19 кај сексуални работници;

Сите информации кои споделуваат во овој документ, се преземени од релеванти извори.здравје, и има право да дели санкции, а со тоа

Упатство за заштита од КОВИД-19

Упатството за заштита има за цел да ги информира сексуалните работници во однос на начинот на пренос на Корона вирусот, начинот на заштита, како и инструкции за намалување на ризикот на пренос на вирусот при работа. Внимателно следете ги препораките со цел да го заштитите сопственото и туѓото здравје.

## Што е Корона вирус?

КОВИД-19 – коронавирусна болест 2019 претставува вирусна респираторна болест предизвикана од новиот коронавирус SARS-CoV-2. Во моментов нема одобрен лек или вакцина за третман на болеста. Превенцијата е слична како и кај другите видови грип, каде е потребно да имате соодветна хигиена на рацете, здрава и сигурна исхрана, и да се избегнува близок контакт со лица кои имаат симптоми на дишни заболувања, како што е кашлање и кивање. Корона вирусот за прв пат се појавува во градот Вухан, главниот град на покраината Хубеј во Кина, за потоа набрзо да се прошири низ повеќе земји низ светот. Поради брзото ширење, Светска здравствена организација прогласи пандемија.

## Како се пренесува КОВИД-19?

Вирусот се пренесува преку директен контакт со респираторните капки на заразеното лице (што се создаваат преку кашлање и кивање), и со допирање површини контаминирани со вирусот од тие исти респираторни капки. Корона вирусот  опстанува на површината и по неколку часа, но може да се уништи со едноставни средства за дезинфекција.

## Кои се симптомите на болеста предизвикана од корона вирусот (КОВИД-19)?

Симптомите може да бидат покачена температура, кашлица и отежнато дишење. Во потешки случаи, инфекцијата може да предизвика сериозни компликации кои може да ја нарушат функцијата на органите за дишење, кардиоваскуларниот систем или бубрезите. Во ретки случаи болеста може да биде смртоносна.

Првичните симптоми се слични на грип, затоа, потребно е тестирање за да се потврди дали некој има корона вирус.

Лекувањето на заболените е палијативно и симптоматско.

Во овој момент не е достапна антивирусна терапија, ниту пак вакцина за превенција од заболување со КОВИД-19.

**ВАЖНО:** Постои асимптоматски период (период на инкубација) од најмногу 14 дена, во кој лицето кое го носи вирусот нема никакви симптоми, но може да го шири на други лица. Затоа е многу важно да бидеме претпазливи, и колку порано ги преземеме мерките за претпазливост толку подобро.

Сите патници кои доаѓаат од земјите со висок и среден ризик треба да се задржат во само-изолација од 14 дена во нивниот дом и да пријават на надлежните доколку почувствуваат симптоми.

**Следете ги општите препораки со цел да се заштитите од Корона вирусот и да го спречите неговото ширење**

## Општи препораки за заштита од КОВИД-19 се следниве:

- ✓ Често мијте ги рацете со сапун и вода, најмалку 20 секунди и/или дезинфицирајте ги со раствор на база на алкохол.
- ✓ Покријте ги устата и носот со подлактицата или со хартиено шамивче при кашлање и кивање. Фрлете го употребеното шамивче веднаш по употреба во корпа за отпадоци;
- ✓ Одржувајте ја хигиената во местата каде што живеете и работите;
- ✓ Избегнувајте близок контакт со некој што има настинка или симптоми слични на грип;
- ✓ Не ги допирајте лицето, носот и устата;
- ✓ Седете дома, доколку имате симптоми на настинка;
- ✓ Практикувајте социјално дистанцирање;
- ✓ Веднаш побарајте медицинска помош доколку вие или ваш близок има покачена температура, кашлица или отежнато дишење;
- ✓ Се препорачува правилно користење на заштитна маска во затворени простории, доколку имате респираторни симптоми (кашлање

или кивање) за заштита на другите или ако негувате некој со респираторни симптоми. Треба да бидете внимателни при употребата на заштитните маски, според упатствата во зависнот од тоа каков тип на заштитна маска користите:

✓ Пред да ја ставите маската на лицето, измијте ги темелно рацете со вода или гел за десинфекција.

✓ Маската треба да ги покрие устата и носот и не треба да има празнина помеѓу лицето и маската.

✓ Избегнувајте допирање на маската.

✓ Кога маската ќе стане влажна, заменете ја со нова. Доколку користите маска за еднократна употреба, не ја употребувајте истата маска. Таа е само за еднократна употреба.

✓ Употребените заштитни маски треба да се фрлаат во корпа за отпадоци, за да се избегне поголем ризик од пренесување на вирусот.

✓ Доколку употребувате маска за повеќекратна употреба, редовно перете ја според дадените инструкции.

## Како до правилна домашна само-изолација?

✓ Останете дома, освен во случај на итност. Доколку имате можност, работете од дома.

✓ Одделете се од останатите во различни простории. Редовно проветрувајте ги просториите.

✓ ·Доколку имате на располагање, користете посебен тоалет/бања. Во спротивно редовно дезинфицирајте го оној кој сите го користат.

✓ Избегнувајте заедничко користење предмети за домаќинство како крпи за раце, постелнина, чаши, прибор за јадење.

✓ Доколку нарачувате храна/продукти преку достава, друг член на домаќинството да ги превзема, избегнете контакт со доставувачот.

✓ Бидете на безбедно растојание со другите помеѓу 1 и 2 метри.

✓ Чистете ги површините во домот коишто најчесто ги користите.

✓ Следете ги препораките за превенција од здравствените установи.

✓ Доколку чувствувате исти или слични симптоми на грип, не посетувајте доктор, туку јавете се во центрите за јавно здравје.

## Протокол за заштита од Корона Вирус кај сексуални работници

✓ Следете ги општите препораки за заштита од КОВИД-19

✓ Доколку имате симптоми на Корона вирус, или сте посетиле високоризична земја, останете дома во изолација и побарајте помош од стручно медицинско лице по телефон.

✓ Одбегнувајте поздравување, гушкање, ракување и бакнување со вашите колеги/колешки.

✓ Избегнувајте секаков контакт со клиенти кои имаат некакви симптоми на настинка (кивање, кашлање, отежнато дишење, треска).

✓ Доколку работите на улица (отворена сцена), секогаш држете растојание од најмалку 1 метар од возилото на клиентот со кој преговарате;

✓ Доколку работите на улица, одбегнувајте да стоите повеќе девојки на едно место, држете растојание во радиус од најмалку 2-3 метри;

✓ Често мијте ги рацете со сапун и вода најмалку 20 секунди. Доколку немате пристап до чиста вода, користете гел за дезинфекција. Миењето раце е особено важно при секоја промена на локациите, при ракување со хартиени пари или помеѓу средбите со вашите клиенти.

✓ Советувајте ги вашите клиенти исто така темелно да ги измијат рацете и лицето со сапун пред да остварите било каков контакт со нив. Доколку на местото каде што се среќавате, нема пристап до чиста вода, задолжително да користат гел за дезинфекција.

✓ Носете со себе хартиени марамчиња, во случај да ви притреба Вам или на клиентот при кивање/кашлање. Употребеното хартиено марамче веднаш фрлете го во корпа за отпадоци. Избегнувајте секаков контакт со веќе употребено хартиено марамче.

✓ Доколку е возможно, избегнувајте бакнување, контакт на уста со кожа, при вашата средба со клиентот, како и ставање на предмети во уста (вклучително и прстите).

✓ Доколку е возможно, избегнувајте директен контакт со вашите клиенти, и понудете му некоја друга алтернативна сексуална услуга како еротска масажа и стриптиз, или пак минимизирајте го ризикот со секс пози кои не инволвираат директен контакт со устата (како на пример секс поза – Doggy style).

✓ Избегнувајте директен контакт со телесни течности. Користете кондоми и заштитни ракавици.

✓ По средбите со клиентите, дезинфицирајте ги сите работи и материјали кои сте ги користеле или допреле со средство за дезинфекција.

✓ Не споделувајте прибор за јадење и пиење со вашите клиенти. Доколку ова не може да се избегне, темелно измијте го со сапун и топла вода, и пребришете ги со хартиена крпа, која по користењето ќе ја фрлите во корпа за отпадоци.

✓ Не се состанувајте со клиенти кои допатувале од странство, особено со оние кои доаѓаат од високоризичните земји со КОВИД-19.

## Избегнувајте давање на сексуални услуги, контакт со луѓе и останете во само-изолација, доколку:

✓ Имате хронично заболување, или пак живеете со лица кои имаат хронично заболување;

✓ Имате над 55 години, или пак живеете со лица над 55 години;

✓ Доколку сте биле во земја која е високоризична, каде што има поголем број на лица заразени од корона вирусот;

✓ Доколку некој е заболен од корона вирус во Вашето најблиско опкружување.

✓ Имате треска, покачена температура, кашлица, отежнато дишење и/или други симптоми на настинка;

**Доколку почувствувате некои од симптомите, веднаш јавете се на еден од телефонските броеви во Вашиот регион:**

**ЦЈЗ Битола** 071/261-330; **ЦЈЗ Велес** 071/219-278; **ЦЈЗ Гевгелија** 078/545-444;

**ЦЈЗ Кочани** 071/373-913; **ЦЈЗ Куманово** 070/215-851; **ЦЈЗ Охрид** 070/723-029;

**ЦЈЗ Прилеп** 076/475-747; **ЦЈЗ Скопје** 071/289-614; **ЦЈЗ Струмица** 072/235-543;

**ЦЈЗ Тетово** 075/240-464; **ПЕ Гостивар** 076/365-161; **ЦЈЗ Штип** 078/365-613;

**ИЈЗ Скопј**е 078/387-194; ЗД **Ало докторе** 02/15-123.

Грижете се за сопственото и туѓото здравје!

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.